**МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“**

**МСУ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**

**СВЕТИ НИКОЛЕ**




**МАГИСТЕРСКИ ТРУД:**

# “ФАКТОРИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ПОЈАВА НА РИЗИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦА НА РАЗВЕДЕНИ РОДИТЕЛИ”

Предмет: Малолетничка Деликвенција

**Професор:**

Проф. Д-р Слаѓана Ангелкоска

**Изработил:**

Ивана Дуева Јанкулова

Бр.на индекс : 214001

Свети Николе, 2022

**INTERNATIONAL SLAVIC UNIVERSITY**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**

**"GAVRILO ROMANOVIC DERZHAVIN"**

**MoCA FACULTY OF INFORMATICS**

**SVETI NIKOLE**




**MASTER THESIS:**

# "FACTORS THAT CONTRIBUTE TO THE OCCURRENCE OF RISK-BEHAVIOR IN CHILDREN OF DIVORCED PARENTS"

Subject: Juvenile Crime


**Professor:**

Prof. Dr. Slagana Angelkoska

**Made by:**

Ivana Dueva Jankulova

Index No: 214001


Sveti Nikole, 2022

# Содржина


***Апстракт*** ..... ***5***

***Abstract*** ..... ***6***

***Вовед*** ..... ***7***

**1. Дефинирање на проблемот и основните поими** ..... **9**
1.1. Поим за дете во ризик ..... 9
1.2. Поим за дете во судир со законот ..... 12

**2. Фази на работа на стручниот тим со деца во судир со законот** ..... **14**
2.1. Откривање на случајот – евидентирање ..... 14
2.2. Проценка ..... 16
2.3. План – планирање активности ..... 17
2.4. Третман – имплементација на планот ..... 21
2.5. Мониторинг – ревизија ..... 23
2.6. Евалуација ..... 25
2.7. Затворање на случајот ..... 27

**3. Мерки за деца во судир со законот** ..... **28**
3.1. Мерки на помош и заштита ..... 29
3.2. Воспитни мерки ..... 29
3.3. Казни/Санкции ..... 32
3.4. Алтернативни мерки ..... 34
3.5. Мерки на безбедност ..... 36

**4. Фактори кои доведуваат до нарушено однесување кај децата на разведени родители** ..... **39**
4.1. Сиромаштијата како фактор за нарушено однесување ..... 40
4.2. Економските услови во семејството како фактор за нарушено однесување кај децата ..... 41
4.3. Невработеноста во семејството како фактор за нарушено однесување кај децата ..... 42
4.4. Образованието на родителите и нивната професија како фактор за нарушено однесување кај децата ..... 42
4.5. Станбениот простор на семејството како фактор за нарушено однесување кај децата ..... 43
4.6. Комуникација во семејството како фактор за нарушено однесување на децата ..... 44
4.7. Разводот на родителите ..... 44

**5. Развој на вршење на родителското право по развод на брак** ..... **45**

**6. Влијанието на разводот на брак врз децата** ..... **46**
6.1. Како да им кажете на децата дека се разведувате? ..... 52
6.2. Совети како да им помогнете на децата ..... 53

**7. Менаџирање на стресот кај децата од разведени родители** ..... **57**
7.1. Разводот и неговото влијание врз децата ..... 57

**8. Фактори кои влијаат за развод на брак** ..... **58**
8.1. Развод на брак поради душевна болест ..... 58
8.2. Неподнослив заеднички живот ..... 59
8.3. Неверство ..... 59
8.4. Посегање врз животот ..... 60
8.5. Малтретирање, тешки навреди и нечесен живот ..... 60
8.6. Злонамерно или неоправдано напуштање на брачен другар ..... 61
8.7. Исчезнување ..... 62

**9. Психосоматски промени кај децата предизвикани од разводот на родителите** ..... **62**

**10. Методолошки пристап** ..... **64**
10.1. Проблем на истражувањето ..... 64
10.2. Предмет на истражувањето ..... 66
10.3. Цел на истражувањето ..... 67
10.4. Очекувани резултати ..... 67

10.5. Теоретска рамка ..... 67
10.6. Хипотетичка рамка ..... 67
10.7. Општа хипотеза ..... 68
10.8. Посебни хипотези ..... 68
10.9. Одделни хипотези ..... 68
10.10. Истражувачки техники ..... 68
10.11. Методолошки приод ..... 69
**11. Статистички податоци за склучување на брак во однос на развод на бракот во Р. Македонија ..... 69**
11.1. Компаративните показатели во соседството во однос на Р.Македонија ..... 70
11.2. Анкети од испитаници (од 3-4 години) ..... 72
11.3. Анкети од испитаници (од 4-16 години) ..... 73
11.4. Заклучок од спроведеното истражување ..... 75
***Заклучок*** ..... ***78***
***Користена литература*** ..... ***80***

## Апстракт

Разводот на брак, како начин на престанок на полноважен брак за време на животот на брачните партнери, е феномен кој доведе до драматични промени во семејниот живот во сите европски држави. Бројот на разведени бракови расте во цела Европа, така што стапката на разведени бракови на 1000 жители се зголемила од 0.8% во 1965 година на 1.9% во 2016 година.

Во 2016 година во земјите на Европската Унија биле склучени 2.2 милиони бракови, а биле разведени еден милион бракови. Бројот на разведени бракови постојано се зголемува и во Македонија, при што во последниве две децении бројот на разводи е зголемен за три пати и сега изнесува над 2000 разведени бракови годишно.

Разводот доведува до сериозни промени во семејниот модел, до дестабилизирање на бракот и до зголемување на бројот на едно родителските и на рекомпонираните семејства. Освен тоа, разводот на брак негативно влијае врз психо-социјалниот развој на децата, кои често се најголемите жртви на разводот на нивните родители.



**Клучни зборови:** дете во судир со законот, кривично дело, изречена мерка, стручна работа, третман, родителска одговорност, деца, развод на брак, последици од развод на брак.

## Abstract

Divorce, as a way of terminating a valid marriage during the life of the spouses, is a phenomenon that has led to dramatic changes in family life in all European countries.

The number of divorces is growing throughout Europe, so that the divorce rate per 1000 inhabitants increased from 0.8% in 1965 to 1.9% in 2016. In 2016, 2.2 million marriages were concluded in the countries of the European Union, and one million marriages were divorced. The number of divorces is constantly increasing in Macedonia, where in the last two decades the number of divorces has increased three times and now amounts to over 2000 divorces per year.

Divorce leads to serious changes in the family model, destabilizing the marriage and increasing the number of single-parent and recomposed families.In addition, divorce negatively affects the psychosocial development of children, who are often the biggest victims of their parents' divorce.



**Keywords:** child in conflict with law, crime, imposed measure, professional work, treatment, parental responsibility, children, divorce, consequences of divorce.

# Вовед

Во последниве децении во сите европски држави се случуваат брзи, според некои автори револуционерни промени во повеќе сфери на брачните и семејните односи. Во сите европски земји се случуваат исти трансформации: се зголемува бројот на разводите на брак, се намалува бројот на склучени бракови, се намалува стапката на наталитетот, се зголемува бројот на вонбрачни заедници и процентот на деца родени надвор од брак, се зголемува бројот на монородителски и на рекомпонирани семејства, се зголемува процентот на жени што се вработени и драматично се намалува стапката на наталитетот.

Според Еурострат, во 2016 година во земјите на Европската Унија биле склучени 2.200.000 бракови, а имало 1.000.000 разводи. Наспроти тоа, во 1960 година бројот на разводи бил шест пати помал и изнесувал 170.000.

Во последниве години бројот на разведени бракови се зголемува и во Македонија, така што во 1995 година имало 710 разводи, во 2005 година 1.552, а во последниве години бројот на разводи во Македонија е поголем од 2.000. Од друга страна, драматичниот пораст на бројот на разведените бракови, кој ги опфаќа сите европски земји, не е единствената трансформација во брачните и во семејните односи.

Друг значаен феномен, кој во голема мера придонесе за драматична трансформација во семејните односи, е зголемувањето на бројот на лицата кои живеат

во вонбрачна заедница, поради што во Европа бракот веќе не претставува единствена основа за семејниот живот, како што тоа беше во претходниот период.

Сè повеќе парови во европските земји живеат во вонбрачни заедници кои имаат траен карактер и во кои се раѓаат, се чуваат и се воспитуваат деца. Во современото општество, покрај тоа што се зголемува бројот на вонбрачните заедници, се менува и нивната природа. Во минатото, вонбрачната заедница најчесто била само прв чекор кон бракот поради тоа што голем број млади парови во Европа својата заедница ја започнувале со вонбрачна врска, која по одреден период преминувала во брак. Во современи услови тоа веќе не е случај.

Истражувањата покажуваат дека современата вонбрачна заедница, во голем број случаи, веќе не е прв чекор кон бракот, туку претставува вистинска алтернатива на бракот поради тоа што голем број вонбрачни партнери никогаш не склучуваат брак, туку живеат во вонбрачна заедница која може да трае со години, па дури и со децении.

Порастот на бројот на вонбрачни заедници е поврзан и со порастот на процентот на деца родени надвор од брак, така што во 2016 година 42% од децата родени во ЕУ биле вонбрачни (во Франција дури 60% од децата родени во 2016 биле родени надвор од брак, во Словенија и во Бугарија 58% во Шведска 55%, во Данска 54%).

Поради овие динамични промени во последниве децении во европските земји се спроведени огромен број социолошки истражувања за правецот на промените, нивното влијание врз брачните и семејните односи и последиците од промените врз брачните партнери, врз децата и врз поширокаата заедница.

Врз основа на резултатите на овие истражувања, во голем број европски држави се спроведени длабоки реформи на семејното законодавство, пред сè, во однос на вршењето на родителското право по разводот на брак (истражувањата покажаа дека најсериозните негативни последици врз децата по разводот е прекинот на контактот со едниот родител и поради тоа е воведен моделот на заедничко вршење на родителското право по разводот на брак, како и моделот на поделеното родителство), плаќањето на издршката, регулирањето на вонбрачната заедница и регулирањето на имотните односи помеѓу партнерите.

Во последниве децении во ЕУ се регулираат и исто половите заедници (во сè поголем број европски земји исто половите партнери имаат право да склучуваат брак).

# 1. Дефинирање на проблемот и основните поими

Модерното и современо живеење во општеството доведуваат до девијантно однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми кај децата.

Причината за овој значаен општествен проблем поради, каде кај децата доаѓа до пореметување на општественото однесување и желбата и потребата да ги прекршат општествено прифатените норми на однесување ги поврзуваме со ризичните фактори кои влијаат во нивниот начин на живеење. Ризик факторите кои влијаат на детскиот развој во општеството, како и степенот на влијание се различни.

Поимот ризик ги означува сите влијанија кои ја зголемуваат можноста за почеток на влошување или развој на проблематичните околности во кои може да се развива детето.

Поимот ризик ги опишува и проблемите - кои се заканuваат на нивниот позитивен развој и позитивното адаптирање во општеството, поимот ги опфаќа и оние деца кои се изложени на тешкотии, сиромаштија, малтретирање, слаб успех на училиште, стрес, малолетничка бременост, неадаптираност и неможност за изнаоѓање на начини за успешен живот и кои понатаму водат кон ризично однесување.

## 1.1. Поим за дете во ризик

Дете е секое човечко суштество кое не навршило 18 години од животот (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.1).

***Ризично дете*** - дете во ризик може да биде секое дете кое има впечатливо однесување, дете кое често бега од училиште, кое често е исфрлено од страна на училиштето, дете кое има проблеми со спиење, проблеми со помнење, кое не може да се концентрира и кое има проблеми со вниманието не сака или не може да го задржи, дете кое постојано е агресивно, дете кое е нетолерантно и импулсивно.

***Ризикот*** – во случајот терминот ризик ги опишува децата кои се наоѓаат на патот кон многубројните проблеми кои им се закануваат на нивниот позитивен развој и позитивна адаптација во општеството.

Ризикот ги опишува и оние деца кои се изложени на тешкотии, малтретирање, сиромаштија, слаб успех на училиште, стрес, смрт на родители, малолетничка бременост, неадаптираност и неможност за изнаоѓање на вештини кои се потребни за успешен живот и кои понатаму водат кон ризично однесување.

Секое дете се разликува од другите деца по многу нешта, како на пример од какво семејство потекнува, начинот на кое е воспитувано, начинот на однесување, социо-економскиот статус, средината во која живеело и живее, образованието, како и внатрешниот и надворешниот изглед. Неговиот имиџ кој го карактеризира неговото однесување најмногу во периодот на адолесценција.

Децата и во семејствата се разликуваат едни од други, едните добиваат грижа, сигурност, прифаќање, додека другите добиваат отфрлање, неизвесност и страдања.

Според Рихтерс, децата под социјален ризик се поделени на: деца без родителска грижа, запоставени деца, деца со воспитно-социјални проблеми, деца кои употребуваат дроги и алкохол, деца од семејства со брачни конфликти (Richters, 1992)[1].

Додека пак Грмери пак ги разликува следниве деца под социјален ризик: деца без родители, деца со посебни потреби, деца кои потекнуваат од дисхармонични семејства и деца кои употребуваат дроги и алкохол, и деца од семејства со низок животен стандард (Grmery, 1985)[2]

Според нашиов правен систем и животната реалност постојат повеќе нереални животни ситуации во кои децата се наоѓаат во социјален ризик и стекнуваат статус на деца што живеат во посебно тешки околности.[3] Тие се поделени во неколку групи, и тоа:

- **Деца без родители и родителска грижа** - се деца што немаат живи родители, или родителите се непознати, деца со родители на кои им е одземено родителското право и работна способност, родители кои

[1] Koler – Trbovic, N. 2004 g. Poremecaj u ponasanju dece i mladih. U: Basic, J. Zagreb

[2] Anderson, A.L. 2002: Individual and contextual influens on delinquencu, Journal of criminal.

[3] Ekermen, N.V. 2002 g: Psihodinamika porodicnog života.Titograd: Pobjeda

одбиваат да се грижат за нив или чии родители се болни и се на долготрајно лекување;

- **Деца жртви на насилство** - во некои семејства насилството е дел од воспитните мерки на самите родителите, децата кои се жртви на насилство кои се малтретирани изразуваат нарушување во однесувањето и тешко се социјализираат. Повеќето од децата кои трпат насилство се несигурни, агресивни, анксиозни, нивниот морален развој е нарушен, а односите со врсниците им се доста лоши;
- **Деца од семејства со брачни или семејни конфликти** - доживуваат стресни моменти, конфликти кои предизвикуваат трауми кај детето. Разводот на бракот на родителите сам по себе претставува кризна состојба за самото дете;
- **Деца што употребуваат дроги** - употребата на дроги кај децата носи големи ризици како што се психички, социјални и соматско-невролошки. Употребата на дроги создава потешко функционирање во секојдневниот живот, создава тешкотии во учењето и помнењето, но провлекува и низа други проблеми;
- **Деца од сиромашни семејства** - поради недостаток од приходи, освен загрозувањето на основната животна егзистенција, се маргинализирани во однос на остварување на правата и на обврските што постојат и за нив во општеството;
- **Деца со посебни потреби** - опишувајќи ги карактеристиките на личноста на децата со посебни потреби, голем број на истражувања укажуваат на тоа дека тие се несигурни, недоверливи и наклонети кон социјална изолација.

Последниве години при идентификувањето на дете во ризик се настојува да се детектираат децата кои подоцна во животот можат да бидат вклучени во дисфункционално однесување или виктимизација[4], така што во групата деца во ризик спаѓаат, деца:

- Чии родители конзумираат алкохол и дрога;

[4] Виктимизација е форма на дискриминација и процес на појава каде одредени поединци стануваат жртви преку одредена човечка акција, предизвикана од намерно или ненамерно човечко дејство.

- Жртви на физичко, сексуално и емоционално малтретирање;
- Кои што го напуштиле училиштето;
- Кои се во несоодветна економска ситуација;
- Кои извршиле насилно или деликвентно дело;
- Кои имаат обид за самоубиство (Димитријоска, 2009).

Согласно новиот Законот за социјалната заштита (Сл.Весник на РСМ, бр.104/2019) под социјален ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредена група, кој може да дојде во потреба од социјална помош.

Основните социјални ризици на кои изложен поединецот во смисла на овој закон се:

- мајчинство,
- болест
- старост,
- смрт,
- повреда и
- попреченост (Закон за социјална заштита, Сл.Весник на РСМ, бр.104/2019).

### 1.2. Поим за дете во судир со законот

Согласно Закон за правда за децата кој стапи во сила на 29.10.2013 година во нашата држава, децата кои дошле во било каков судир со законот поради извршување н дела кои со законот се казниви, се класифицираат на повеќе начини:

- Дете е секое лице на возраст до 18 години;
- Дете во ризик е секое дете кое наполнило 7 години, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанци и

прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело;

- Дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 7 години, а не наполнило 14 години;
- Дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14 години, а не наполнило 18 години;
- Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14 години, а не наполнило 16 години;
- Дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години;
- Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело;
- Помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18 години, а не наполнило 21 година (Закон за правда за децата, Сл. Весник на РМ, бр.148 /2013, член 19).

Секое дете за кое се тврди или е обвинето или е утврдено дека го прекршило Кривичниот законик, со него се постапува на начин кој е во согласност со поттикнувањето на неговото чувство за достоинство и вредност, што го јакне неговото почитување на правата на човекот и основните слободи, при што се земаат предвид возраста на детето и желбата да се подобри неговата реинтеграција и конструктивна улога во општеството (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.40).

Малолетникот е дете или младо лице кое според соодветниот правен систем може да одговара за кривично дело на начин различен, пропишан од оној на возрасните (Нанев, 2003).

## 2. Фази на работа на стручниот тим со деца во судир со законот

Фази на работа при управување со случаи се: проценка, планирање и имплементација. Во нашата држава стандардот за правда на деца е развиен согласно Законот за правда на децата, така и центрите за социјална работа имаат системи, капацитети и процедури за спроведување на постапките согласно овој закон. Стручни работници во Центрите за социјална работа низ цела држава постапуваат согласно новиот начин на интегрирано управување со случај постапувајќи во согласност со сите процедури и стандарди, законски и подзаконски акти, правилници и протоколи за работа. Процесот на стручна работа со малолетните сторители на казнени дела во центрите за социјална работа, се одвива во следниве фази:

- Откривање на случајот - евидентирање;
- Проценка;
- План - планирање активности;
- Третман – имплементација на планот;
- Мониторинг - ревизија;
- Евалуација- на ефектите на третманот; и
- Затворање на случајот.

### 2.1. Откривање на случајот – евидентирање

Откривањето на случајот или евидентирање (прием-тријажа) на детето има два различни начина, односно едниот се однесува на тоа дека однесувањето на детето се открило-евидентирало навремено пред да биде евидентирано во било која друга институција и другиот начин каде што веќе судот или министерството за внатрешни работи бараат соработка со центарот во интерес на детето.

Кога Центарот за социјална работа има сознание дека детето извршило кривично дело или прекршок, или се нашло во ризик се заведува – евидентира во посебен Регистар за примени известување за деца во ризик и деца во судир со законот, и потоа постапува, односно започнува тимска работа.

Евидентирањето е првиот дел, односно прием на известувањето и податоците на личноста (тријажа). Дефинирањето на проблемот е првиот чекор во процесот на

примената, првиот чекор мора да го преземе социјалниот работник во проблематичната ситуација, но и да го идентификува опсегот на развиеност на проблемот. За време на почетната фаза социјалниот работник мора да развие работни односи и релации со детето, претходно рефлектирајќи емпатија, срдечност и искреност. Правилниот избор и навременото постапување, претпоставува и навремено откривање на секој поединечен случај. Во теоријата и практиката, потврдено е дека третманот на овие деца, е многу поуспешен доколку навреме се воочат почетните проблеми во социјалниот развој на детето и се откријат пореметувањата во однесувањето.

Во детектирањето на децата со деликвентно поведение, учествуваат повеќе субјекти: родителите, соседството, училиштето, обвинителството, органите за внатрешни работи, судијата за малолетници и други. Добиените информации за децата од горе наведените субјекти, не се секогаш целосни и доволно точни, во некои случаи тоа се должи на субјективност, а во други на недоволна стручност, поради што добиените податоци треба внимателно да се проверат и да се утврди нивната егзактност.

Во литературата за малолетничката деликвенција направена е глобална класификација на малолетниците според изборот на пријавата на:

- Прва група на деца за чие поведение знаат само родителите, од кои најголем број бараат помош во центарот за социјална работа. Овие родители најчесто не се во можност да ја согледаат суштината на промените во однесувањето на детето и единствено ги гледаат причините за негативното однесување во лошото влијание на другарите и средината.

Меѓутоа, родителите многу ретко ги пријавуваат престапите на своето дете кои се инкриминирани со казненото законодавство, чии последици во најголем дел имаат карактер на санкции и казнување, отколку што се мерки од воспитна природа.

Истовремено, однесувањето на своето дете, родителите го доживуваат како нарушување на семејниот углед и граѓанскиот кодекс спротивно од тоа, кога се работи за полесни облици на општествено - негативно однесување, како што се непослушност, кавги, поткраднување на родителите, бегање од дома, бегање од училиште, скитање, безделничење и слично, родителите во најголем број случаи бараат стручните работници од центарот да преземат некои мерки за таквото однесување на нивното дете.

- Втора група на деца се оние чиешто поведение им е познато на органите на прогонот, обвинителството, судот, училиштето, па и на Центарот за социјална работа во општината каде што живеат. Откривањето на децата со асоцијално поведение од било кој вид, треба да биде организирано и континуирано да се спроведува. Во тој контекст, центарот преку постојан контакт со наведените општествени чинители односно училиштата, треба да настојува за навремен опфат на децата со манифестации на деликвентно однесување, според критериумите за нивното препознавање.

Комуникацијата на центарот на ниво на општината со општествените фактори, значајни за воспитната запуштеност и малолетничката деликвенција се остваруваат најчесто преку социјалниот работник задолжен за работа на малолетничка деликвенција - престапништво.

За време на приемот се собрани потенцијални податоци за корисникот и е поднесено барање, со директен потенцијален корисник или со документацијата се добива првичен впечаток за проблемот, идните процедури и чекори. Приемот или евиденцијата на случајот всушност укажува и на приемна процена, односно со оваа фаза се подготвува работата за натамошно постапување, се прави првичен увид за кое лице станува збор, какво постапување се бара (неодложно-итно или редовно) дали лицето веќе било дел од системот на социјална заштита или пак некој друг член од неговото семејство, се пополнува Тријажен лист за корисникот и се подготвува предметот/случајот за премин во наредната фаза - чекор за постапување односно за фазата на проценка.

### 2.2. Проценка

По добивањето на основните лични податоци на детето следи разговор (интервју) и примена на техники и методи од страна на стручниот тим за да се обезбедат податоци ко се релевантни за утврдување на ризиците, потребите на детето и неговото семејство, како и процена на мотивите и причините за сторувањето на прекршокот или кривичното дело. Проценката претставува процес на прибирање на анализа, приоритетизација (синтеза на информациите кои се однесуваат на идентификуваните потреби на детето). Целта на социјалниот работник е да спроведе анализа која не само што ќе ги утврди потребите на малолетникот туку ќе ги утврди особините на

ситуацискиот контекст за задоволување на овие потреби, се постигнува преку следново: да ги утврди обемот и потребите на детето, да ги утврди капацитетите на детето, да може да се справи со овие потреби, да ги утврди капацитетите на социјалното опкружување на детето да се справи со овие потреби, да ги утврди капацитетите на човечките ресурси за справување со овие потреби. Проценката е организирана интердисциплинарна и плански насочена активност за испитување на личноста, со цел да се утврдат причините кои довеле до неприлагодено однесување на детето, но и процена на неговите позитивни особини кои можат да се искористат во неговото превоспитување.

Организацијата и спроведувањето на интердисциплинарната работа, треба да ги опфати сите етиолошки фактори од социјален, педагошки и психолошки аспект, а во контекст на целокупната животна ситуација н личноста на малолетникот.

Проценката може да биде почетна или продлабочена во зависност од потребата и работата на социјалниот работник, односно зависно од предметот - случајот со кој започна да работи социјалниот работник најпрво ја прави почетната проценка, но доколку истиот заклучи дека предметот има потреба од продлабочена проценка ја користи таа и го вклучува целиот стручен тим.

### 2.3. План – планирање активности

По приемот на решението од страна на надлежниот суд стручните работници од Центарот за социјална работа започнуваат стручна работа, планирање на активности, односно изготвување на План за индивидуална работа со корисник на социјална услуга во случајот со дете, се во интерес на детето согласно изречената мерка.

Согласно новите постапување на стручните работници од Центарот за социјална работа во интегрирано водење на случај по изготвувањето на проценатa во рок од 10 работни дена се изготвува планот за работа, но во овој случај е исклучок се постапува поинаку планот се изготвува согласно 30 дена.[5]

Планирањето претставува системски процес на идентификување на важните цели и на подготвување на активности и услуги кои треба да се преземат за да се излезе во пресрет

[5] Закон за правда за децата (Сл.Весник бр 148/2013)- определува рок од 30 дена за изработка на индивидуален план за работа со дете.

на утврдените цели. Целите кои се зацртани во процесот на планирање се поврзани со потребите на детето.

Планирањето вклучува главна цел која се остварува преку поставените посебни цели и важни активности кои се преземаат за да се подготви индивидуален план на услуги и поддршка.

Општата или главната цел е всушност оној резултат кој што сакаме да се постигне, различен е од моменталниот и истиот бара работа и промена. Општата цел се дефинира во контекст на благосостојбата и безбедноста на децата. Посебната цел пак дефинира што треба да се направи за да се стигне до остварување на општата цел, во временски ограничен период.

Планирањето претставува најсложениот сегмент од процесот на нудење услуга и поддршка. Секој план е план за себе, затоа што услугите се утврдуваат согласно утврдените индивидуални потреби на корисникот, неговите потенцијали и ограничувања, неговото семејство и средината во која живее.

Планот се адаптира во зависност од корисник до корисник, односно во случајот во зависност од детето, затоа што тој е носителот и работата и промената, достигнување на главната цел е во негов интерес.

При изготвувањето на планот се става акцент на неколку важни елементи, согласно Интегрирано водење на случаи[6], како што се:

- социјална услуга - која и каква услуга користело детето или семејството во системот на социјална заштита;
- цели и активности - се дефинираат општа главна цел и посебни цели, и секоја посебна цел си има своја област за работа, очекувани резултати, активности и мерки, носители на активностите и мерките, рок и динамика на нивна реализација;
- лица кои се значајни за детето;

[6] Здружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.

- потенцијали на детето (силни страни и можности) потенцијали на семејството и заедницата, односно се она што може семејството и заедницата како ресурс да го понуди.

Кога зборуваме за области за работа со корисник, се мисли на оние области во кои може да се најдат неговите потенцијали и истиот да биде активно вклучен, а тоа се: образование, знаење, спорт, стекнато искуство, некој талент кој го поседува, специфични вештини, мотивација и упорност, флексибилност, мрежа на поддршка и слично.

Корисникот има право да одлучува за сопствениот живот и работите кои се преземаат во насока на задоволување на неговите потреби, па затоа при изготвување на планот корисникот е директно вклучен.

При правењето на индивидуалниот план водителот на случај[7] согласно интегрираното водење на случаи ги вклучува зависно од потребата:

- стручните работници од стручниот тим при Центарот за социјална работа (педагог, психолог, социјален работник и правник);
- корисникот – детето;
- неговиот родител(старател) ;
- друг член од семејството;
- стручниот тим од училиштето;
- класниот (одделенскиот раководител);
- здравствена установа;
- дневен центар;
- и било која институција или ресурс кој е во согласност со потребата на детето.

При планирањето сите овие личности и институции можат да бидат активно или пасивно вклучени, можат да бидат носители на некоја или неколку активности, но може и да нема потреба од нивно вклучување, во зависност од потребата.

[7] Закон за социјалната заштита (Весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година, чл.4).

При поставувањето на целите стручниот работник планира остварување на резултат, а тоа укажува на правилно поставување на целите и добивање на очекуваните резултати, а тоа го прават при користење на СМАРТ техника за поставување на целите:

- S (specific) – дали целите се специфични?
- M (mearsurable) –дали целите се мерливи?
- A (achievable) -дали целите можат да се достигнат?
- R (realistic) - дали целите се реални?
- T дали целите можат да се остварат во зададен рок?.

Индивидуалниот план за работа или планот за третман како поим, опфаќа помош на личноста да развие сопствено чувство на општествена одговорност или тоа чувство повторно да го стекне доколку го изгубила. Чувството на општествена одговорност секоја индивидуа го добива со развојот и начинот на живот во сопствената средина, преку социјализацијата и стекнатите искуства во општествената заедница.

Содржините на третманот се лоцирани на подрачјата на социјализацијата и ресоцијализацијата, надополнување на пропустите на личноста.

Центарот за социјална работа, има централно место во третманот на деца со деликвентно поведение, бидејќи непосредно остварува најмногу од активностите во процесот на ресоцијализацијата, како во непосредната работа со децата и нивните семејства, така и со субјектите кои делуваат како агенси и фактори во процесот на ресоцијализација.

Стручниот тим остварува социјална, психолошка и педагошка работа со децата и семејствата преку третман за работа и истиот ги има следните начини на интервенција: психо-социјална интервенција, стручно советодавен и информативен разговор, упатување во советувалиште, подигање на личните капацитети на детето, развивање на комуникациски вештини, усвојување на морални вредности и норми, прифаќање на општествените вредности и препознавање на истите, зајакнување на родителските капацитети, директна работа со корисник и вклучување во активности преку локалната заедница, реинтеграција и ресоцијализација доколку се вратило од Воспитно поправен дом или Казнено поправна установа, советодавен третман со техники за процена да не се најде повторно во иста или слична ситуација, лична организација на корисно минување на слободното време на детето, корисно минување на слободното време

помеѓу родителот и детето, вклучување на детето во домашните активности на семејството и слично.

На децата и на младите им треба стабилна основа за развој на идентитет, односи со други, вредности и културна свест.

Трајноста на планирањето започнува од претпоставка дека е позитивно за развој на децата и младите, самооценување значително искуство на идентитет и припадност, стабилност, континуитет на односите и начинот на живот (Fahlberg, 2012).

Стручните работници проценувајќи ги потребите и ризиците кои влијаеле на однесувањето на детето, планираат активности кои ќе доведат до позитивна промена на неговата состојба и неговото однесување и истите ги поставуваат во План за индивидуална работа со корисник кој потоа треба да се имплементира, а тоа е всушност третманот – фазата на имплементација на планот.

### 2.4. Третман – имплементација на планот

Третманот како општ поим, претпоставува план за работа со одредена личност, чија цел е насочување и развивање на нејзините позитивни особини, па според тоа третманот е процес на насочување и водење. Индивидуалниот третман, како поим, опфаќа помош на личноста да развие сопствено чувство на општествена одговорност или тоа чувство повторно да го стекне доколку го изгубила.

Третманот е всушност имплементација на направениот план.

Имплементацијата на услугите од страна на водителот на случај и вклучените актери се применува преку директна или индиректна интервенција. Директната интервенција е насочена кон подобрување вештина и капацитет на корисникот за пристап до услугите и да ги користи, додека размислувате за комуникација, самоизразување и само-застапеност на корисниците. Индиректните интервенции се насочени за однесувањето на давателот на услугата, врска корисници со даватели на услуги, преговори, претставувајќи ги корисниците за прилагодување на услугите неговите потреби итн. (Moxley, 1989).

Центарот за социјална работа презема менаџерска улога со цел да се искористат сите расположливи ресурси за задоволување на индивидуалните потреби на дете во ризик, кои произлегуваат од ризиците на кои тоа е изложено.

Интервенцијата - остварувањето на планот преку давање на услуга е секогаш во корист и во име на детето во ризик или детето сторител на кривично дело.

Во основа третманот се лоцира на следниве подрачја:

- Работа со детето - директен третман или менување на личноста на детето; и
- Работата со детето во социјалната средина, институции и установи - индиректен третман или менување на средината и условите на живот.

***Директниот третман*** е насочен кон промена на личноста на детето, треба директно да се влијае врз ставот на детето. Системот на вредности и емоции што има за цел подобрување на односот личноста на детето-средината, може да се претстави со помош на влијанието на тимските работници во директен третман со детето.

**стручен тим - дете - средина**

Директен третман - промена на однесување на детето, со цел да се зголеми учеството и вербата во можноста за промена во ситуацијата, насочување кон автономно решавање на проблемот, а притоа давајќи му информации за достапни ресурси.

Детето се помага во исполнување на обврските планирани со индивидуален план за помош, грижа, надзор и заштита во исполнување на обврските во однос на оспособување, остручување и преквалификување со планско користење на слободното време, а по потреба и лекување од зависност доколку ја има.

Целта на интервенцијата е да се засили детето во ризик или дете сторител на кривично дело, особено неговата одговорност за сфаќање на смислата на животот, значењето и структурата на животот, доживување на работливоста, со цел да се оствари рехабилитација и реинтеграција во средината.

Модел за развој на отпорноста кај детето отпорноста е резултат на интеракцијата меѓу различните фактори и даватели на услуги и се остварува преку: Задоволување на основните егзистенцијални потреби (храна, топол дом, соодветна здравствена заштита, да се заштити со мерките на социјална политика, со мерките на семејно правна заштита на детето, и со интервентните активности во социјалната работа), суштинско прифаќање (општествена мрежа, личности со кои детето е во постојан контакт или за него во некој момент имале важна улога), можноста да се открие смислата, значењето и структурата на животот (да одреди мали цели кои може да ги постигне, и да ги согледа неповолните животни околности како клучна точка во животот), делотворно соочување со стрес (мора да се преземе активност за да се промени моментално нарушениот однос со околината, било да треба да го менува сопственото однесување), пригода за придонес (да се знае што треба да се прави и да се биде мотивиран за тоа - извршување на

социјални вештини за остварување цели)социјалниот работник може да преземе различни директни услужни улоги наменети за подобрување на капацитетите на детето за задоволување на потребите и за подобрување на способноста да се биде автономен и независен.

Социјалниот работник се јавува во улога на имплементатор, наставник/инструктор, водич/соработник, посредник на работите, информациски специјалист, подржувач.

***Индиректен третман*** се однесува на промена на средината со која е опкружено детето, околностите и условите на средината кој што влијаат врз неговото неправилно и непродуктивно социјално функционирање а кои му го отежнуваат неговото задоволување на потребите.

Третманот се однесува на смалување или елиминација на нервозите и притисоците на средината со кои детето е опкружено.

**стручен тим - средина - дете**

Оваа поделба, поаѓа од факторите на социјализацијата на личноста на децата и аналогно на тоа третманот го насочува кон секој од тие фактори поединечно, но и воедно кон нивното взаемно дејство како агенси во одвивањето на овој процес.

Методите на работа во извршувањето на воспитните мерки се така конципирани, да го опфаќаат како непосредното влијание на самото дете, така и посредното делување на детето преку (непосредно) делување на средината на детето (обезбедување на услови за правилен развој и воспитување и средување на приликите во семејството).

Потребата од двата пристапи, нивната меѓусебна зависност и дијаликтичкото единство, не дозволуваат во пракса јасно да бидат разграничени (Димитријоска, 2012).

## 2.5. Мониторинг – ревизија

Мониторинг е процес кој го остварува Центарот за социјална работа континуирано со третманот, процес преку кој се согледува дали се реализирани активностите од планот.

Мониторинг подразбира систематско и континуирано собирање податоци за курсот и динамиката на имплементација планирани активности (Žegarac, 2010).

Процес со кој се следат промените кај детето во однос на планираните активности со можност со промена на планираната активност или изречената мерка, се следат

постигнатите резултати кај детето во ризик или дете сторител на кривично дело. Центарот за социјална работа им дава поддршка на сите системи вклучени во интервенцијата притоа водејќи континуирано бележење на остварените активности и движењето кон целта.

Мониторингот при водењето на случај треба да обезбеди:

- напредок, движење и доближување кон посакуваните резултати;
- навремено согледување / споредување на планираното и реализираното;
- навремено откривање на ризици кои може да ја попречат реализацијата на планот; и
- констатација за повторен преглед на состојбата.

Мониторингот се спроведува во однапред дефиниран временски интервал, и интензитетот и динамиката на следење зависат од специфичноста на потребите и ризикот во кој се нашло детето. Мониторингот или набљудувањето на имплементацијата на планот третманот социјалните работници ја остваруваат на различни начини и тоа преку:

- средби во Центрите за социјална работа;
- увиди во домот на корисникот (планирана и ad hock посета);
- телефонски разговор;
- увид во училиштето (ad hock посета);
- соработка со училиштето (психолошко педагошката служба при училиштето и одделенскиот/класниот раководител);
- соработка со дневен центар;
- здравствена установа;
- или друга установа која е вклучена како актер во планот.

Мониторингот на планот се врши тековно.

Согласно новото постапување на стручните работници со интегрираното водење на случај помеѓу фазите на мониторинг и евалуација е вметнат чекорот на ревизија или повторен преглед. (Процес кој укажува на нова проценка, дали поставениот план и понатаму е релевантен, и доколку има воочено некои недостатоци да се направи

соодветна корекција). Во ревизијата или повторниот преглед учествуваат водителот на случај и стручните работници - членовите од тимот вклучени во планот, но во некои случаи и тимови од други институции, организации кои биле вклучени како актери во планот.

Ревизијата на планот може да биде:

- Редовна - редовен повторен преглед – се прави за во рок од 6 месеци, се прави нормална редовна контрола на планот и на остварувањето на целите во него, но доколку целите се поставени да се остварат за пократок временски период од 6 месеци, редовната ревизија се прави согласно тој рок; и
- Вонреден повторен преглед - доколку има некои ново настанати – променети околности, ситуации и потреби кај детето или неговото семејство (миграција, болест, насилство во семејството, смрт и слични ризици), кои укажуваат на тоа повторно да се прегледаат – проценат потребите, ризиците, состојбата и услугите што му се нудат поставени во Планот за индивидуална работа со корисник - детето.

Ревизијата се прави паралелно со евалуацијата.

### 2.6. Евалуација

Евалуацијата е процес на анализа на следење и мерење на третманската интервенција, до која мера се остварени или не посакуваните цели. Процес кој ја мери адекватноста на преземените мерки за остварувањето на очекуваните резултати.

Евалуацијата е активност која има за цел систематско проценка на достигнување (ефекти, промени). Таа покажува дали обезбедените услуги се соодветно произведени исходи, односно промени во животот на корисникот.

Додека следењето прашува што се случува, оценувањето дава одговор на прашањето, па што ако се случи?

Промени во животот на корисникот може да се следи преку цел (научени вештини, соодветна употреба на постојните способности, успех во училиштето, итн.) и

субјективни индикатори (на пр. анкета за задоволството на клиентите обезбедени услуги).

Мониторингот и проценката се меѓусебно поврзани. Мониторингот исто така може да се разгледа и како префаза или важен придружен механизам - процес на евалуација.

Стручните работници ги користат своите вештини во собирањето информации за да ги проценат резултатите кои детето и неговата социјална мрежа ги чувствуваат во процесот на остварената услуга. Оваа фаза од ресоцијализацијата на децата, се состои во оцена и вреднување на ефектите од спроведениот третман. Со овој процес социјалните работници следат дали планот и третманот ја даваат посакуваната поддршка за детето, и доколку постојат некои незадоволени цели и задачи, процесот овозможува промена на планот, односно промена во третманот, се со цел на целосно задоволување на потребата на корисниците, во овој случај на децата.

Целта на евалуацијата на ефектите од спроведените мерки, е нивната релевантност кон потребите на детето и потребата за воведување на нови содржини или пак запирање на третманот.

При евалуацијата се изнесуваат заклучоци во однос на планот и тоа:

- услугата и понатаму треба да се нуди на корисникот (се постигнала целта

или не);

- главната цел треба да остане иста, а посебните цели да се променат;
- да се стават нови начини/активности за остварување на посебната цел;
- повеќето посебни цели се достигнати во ревидираниот план ќе се пренеси само едната неостварена посебна цел и интензивно ќе се работи на истата;
- целите се постигнати, состојбата е стабилизирана, третманот е успешен и нема потреба од натамошно постапување.

Согласно спроведената евалуација на планот и резултатите од неговата имплементација, стручните работници утврдуваат дали на детето му е потребен третман и понатаму.

Стручните работници најчесто, но и согласно сите законски и подзаконски регулативи, стандарди и процедури, протоколи и правилници за постапување и работа со деца во ризик и деца а во судир со законот планот за индивидуален третман со корисник – дете го евалуираат на 6 месеци, и по спроведената евалуација и добиените резултати од истата констатираат што со случајот понатаму.[8]

При изречена мерка од страна на судот со судско решение дадена да се имплементирана преку надлежниот Центар за социјална работа, водителот на случај е задолжен на секои шест месеци од изрекувањето на мерката и започнатиот третман, по евалуирање на третманот да го извести надлежниот суд кој ја изрекол мерката на детето во судир со законот, односно достави шест месечен извештај за текот и реализацијата на мерката и резултатите од истата.[9]

### 2.7. Затворање на случајот

Фаза која што е последна, фаза во која се констатира дека нема да има потреба од работа со случајот понатаму. Причините кои довеле до оваа констатација се следните: ризикот кој го имал корисникот и семејството е надминат/решен, корисникот самиот се откажал од потребата на користење услуга од страна на центарот, го променил своето место на живеење, мерката која била изречена и се имплементирала ги достигнала поставените цели и е прекината или завршена, болест или смрт на корисникот нема да има користење на услуга, односно кога стручните работници процениле дека на корисникот веќе не му е потребна услуга, тој самиот се откажал од потребата на услугата од страна на центарот, го променил местото на живеење на друга територија или пак заради смрт на корисникот. Во работа со деца во судир со законот по Решение за запирања на изречена мерка од надлежниот суд затворањето на случајот се врши со посебен образец – документ **Лист на затворање на случајот,** каде што водителот на случај образложува за причините за завршување на услугите.[10]

[8] Закон за семејство член 15 Службен весник на Р.Македонија број 153/2014 година

[9] Семејството во Европа XVI-XXI век, Дејан Мицковиќ, Културна установа Блесок, Скопје,

[10] Здружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ

## 3. Мерки за деца во судир со законот

Системот на малолетничка правда е термин кој што се употребува за да се опише кривично поправниот систем за деца, во нашата држава тоа е во согласност со Закон за правда на децата. Самиот Закон за правда за децата постојано се менува и дополнува се со цел да ги задоволи потребите и интересите на самите деца. Во Р.С Македонија Законот за правда за децата има постојани промени, по осамостојувањето на државата во 1991 година стапи во сила Закон за кривична постапка каде што има посебна постапка за малолетници, потоа следи надополнување со Кривичен законик кој стапи во сила 06 Август 1996 година, по овој закон следи Закон за малолетничка правда кој стапи во сила на 20 Јули 2007 година, и на крај законот по кој уште се постапува е Закон за правда за децата Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 од 29.10.2013 година.

*Закон за правдата за децата* - Со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Со овој закон се уредуваат мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Целите на законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија. (Закон за правда за децата, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148/2013).

На дете сторител на кривично дело согласно Законот за правда на децата и Кривичниот законик може да му се изречат следниве мерки и казни и тоа:

- мерки на помош и заштита;
- воспитни мерки;
- казни – санкции;
- алтернативни мерки; и
- мерки на безбедност.

### 3.1. Мерки на помош и заштита

Спрема дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат со закон предвидените мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето неговото воспитување и развој, само кога Центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување. Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита (домување, материјална помош, здравствена заштита, образование, организирање и користење на слободно време, остварување на секојдневни активности, правна помош, едукација, посредување од страна од Центарот за социјална работа).

### 3.2. Воспитни мерки

На дете над 14 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве воспитни мерки:

- ***Укор или упатување во центар за деца***

Укор се изрекува ако е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие.
При изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди упатување во центар за деца кога е потребно со соодветни краткотрајни[11] мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето (судот може да го упати во центар за деца: - на определен број часови). Детето на кого му е изречена оваа мерка судот може да го упати во центар за деца: на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно

[11] (Закон за правда за децата, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 /2013).

по друго, на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

При изрекувањето на оваа мерка судот ќе води сметка за тоа со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Кога ќе изрече упатување во центар за деца, судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка детето да се стави под засилен надзор на центарот, за период не подолг од шест месеци.

Согласно Кривичниот законик ова се најлесни кривични санкции за децата кои кривичното дело го извршиле повеќе од непромисленост или лекомисленост, отколку од воспитна запуштеност и кои заради извесни корекции во воспитувањето е доволно само да се прекорат, односно повремено да се остварува надзор врз нивното поведение.

- ***Мерка на засилен надзор***
    - *мерка на засилен надзор од страна на родител или старател* - Судот ќе изрече мерка на засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от ако родителите/или/от, односно старателите/или/от пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка ќе им наложи на родителите/или/от, односно на старателите/или/от одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства, судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години.
    - *мерка на засилен надзор од страна на згрижувачко семејство* – Ако родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето ќе се здобија со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.

- *мерка на засилен надзор од страна на центарот за социјална работа* – Ако родителите/или/от, односно старателите/или/от не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на центарот. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители/или/от или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши центарот. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, центарот ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Согласно Кривичниот законик се смета дека кон овие мерки ќе се посегне тогаш кога ќе се оцени дека детето треба да се воспитува во вонинституционални услови и дека не е неопходно едукацијата и оспособувањето да се остварува со целосно одвојување од семејството и дотогашната средина.

- ***Заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно поправен дом***
  - *Упатување во воспитна установа* - Судот може да упати дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Во воспитната установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење туку за тоа дополнително одлучува.
  - *Упатување во воспитно-поправен дом* - Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца.

- Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.[12] [13]

Целта на извршувањето на воспитните мерки е со заштита, помош и надзор, образование и воспитување на малолетните лица сторители на кривични дела, да се обезбеди правилен развој на нивната личност. Извршувањето на воспитните мерки е итно и се извршуваат веднаш по правосилноста на судската одлука доколку не постојат пречки за нивно извршување. За нивно извршување надлежен е судот и Центарот за социјални работи.

### 3.3. Казни/Санкции

Може да се казни дете кривично одговорно над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Кривичната санкција треба да биде хумана, да не се измачува сторителот на кривичното дело, да биде морална, а тоа значи дека треба јасно да ја изразува општествената осуда за повреда на одредени морални вредности.[14]

Понатаму кривичната санкција треба да биде сразмерна на тежината на кривичното дело, значи секој сторител на кривичното дело, треба подеднакво да ја чувствува општествената осуда. Треба да биде делива, така што во зависност од личноста – нејзините карактеристики и околностите на делото, да може да се изрекува со помала или поголема мера.[15]

[12] Prof.dr.Mile Matijevic, Uzroci, priliki i fenomen poremecenog ponasanja i porodica, 2007

[13] Bulet D. Uzelac, S.(2007), Osnovi socijalne pedagogije, Zagreb, Skolska knjiga

[14] Mejovsek, M. 1996, Odnosi u obitelj i druga obelezja delikvenata, Zagreb

[15] Bulet, D. Uzelac, S.2007 g. Osnovi socijalne pedagogije, Zagreb

Друга карактеристика на кривичната санкција е нејзината заменливост, значи во случај од оправдани причини, санкцијата да може да се замени со друг вид санкција (комутација).

Кривичната санкција треба да биде и отповиклива, со цел да можат да се избегнат последиците од евентуално нејзино погрешно изрекување.

Како најзначајно одбележување на кривичните санкции е тоа што можат да се изрекуваат само после извршување на кривичното дело – post delictum (Сулејманов, 1996).[16]

Под условите определени со Закон за правда за децата на детето над 16 годишна возраст можат да му се изречат следниве казни:

- ***Затвор за деца***

Казна затвор може да му се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот.

Времетраењето на казната не може да биде помалку од една, ниту повеќе од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.

Детето кое е на издржување казна затвор за деца, може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку една третина, но не пред да издржи шест месеци од изречената казна доколку превоспитувањето е успешно.[17]

Како посебна цел на казната затвор за деца е одредено вршењето на засилено влијание врз децата и младите сторители во иднина да не вршат кривични дела.

Законски определената цел на изречените кривични санкции кон децата и младите, е насочена и фокусирана пред сè кон кривично-правните залагања за децата и младите и нивната личност, а не кон стореното кривично дело. Изречената кривична санкција е

[16] Mladenovič, M.1963, Porodica I porodicni odnosi, Beograd: Rad.

[17] (Закон за правда за децата, Сл. Весник на РМ, бр.148/2013, чл.53)

израз на грижата за воспитување, превоспитување и правилната социјализација на децата и младите сторители на кривични дела (Велкова, 2006).

- ***Парична казна***

Паричната казна може да се изрече како главна казна. За дела сторени од користољубие, паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор. Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик. Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општо корисна работа. Една дневна глоба се заменува со три часа општо корисна работа, при што вкупниот број часови општо корисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општо корисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

- ***Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата***

Може да се изрече како главна казна или како споредна казна заедно со парична казна. Забраната на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата се изрекуваат под условите за нивното изрекување предвидени во Кривичниот законик.

Целта на изречената санкција е прифаќање на нормите и вредностите што ги поседува општествената заедница која може да се постигне со корекција на негативните општествени и морални ставови (Киткањ, 2014).Посакувана цел на изрекувањето на санкциите кај децата е да се развие чувство за каење и вина, да ја сфати тежината на тоа што го сторил, да ги увиди и сфати последиците од сторувањето на кривичното дело и да развие лична одговорност.

### 3.4. Алтернативни мерки

На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното дејствие што со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат следниве алтернативни мерки:

- ***Условна осуда со заштитен надзор***

Може да се изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца.

Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши центарот кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување.

Оваа алтернативна мерка не може да трае пократко од една ниту подолго од три години.

Условната осуда со заштитен надзор ги има карактеристиките на познатата пробација во западноевропските држави и се состои во одлагање на извршувањето на изречената казна со наметнување посебни обврски што децата мора да ги исполнат и со тоа да покажат дека целта на казнувањето е исполнета и без извршувањето на утврдената казна.

Се состои во наметнување на посебни обврски, забрани и ограничувања во зависност од причините што довеле до делото, околностите во кои живее детето и неговата личност (Димитријоска, 2012).

- *Условно прекинување на водење на постапка спрема детето*

Судот може да одлучи условно да ја прекине постапката спрема дете над 16 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до пет години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на постапката, под услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

- ***Општокорисна работа***

Судот може на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст кое сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години да му изрече мерка на општокорисна работа во траење од 5 до 100

часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето.

Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши центарот кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката.

Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор, под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

Целта на оваа мерка е да обезбеди влијание за правилен развој и развивање на личната одговорност кај малолетникот и манифестирање на прифатливи форми на однесување. Работата би требало да се врши во хуманитарни, еколошки организации, ангажирање во спортски активности, помош на стари лица итн. Општокорисната работа мора да се врши во место на живеење на детето за да не се поремети ритамот на неговото секојдневие, да може непречено да ги извршува училишните обврски (Димитријоска, 2012).

### 3.5. Мерки на безбедност

Според Кривичниот законик и Закон за правда за децата на дете на кого му е изречена воспитна мерка или казна, судот може да изрече и некоја од мерките на безбедност и тоа:

- *Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа*

Мерка на безбедност од медицински карактер. Таа може да се изрече само на лице кое кривичното дело го сторило во состојба на непресметливост или во состојба на битно намалена пресметливост, ако судот утврди дека е опасно за околината и дека заради отстранување на таа опасност е потребно негово лекување и чување во посебна здравствена установа.

Установата каде што се извршува оваа мерка е должна најмалку еднаш годишно да го извести судот што ја изрекол мерката за здравствената состојба на лицето.

- *Задолжително психијатриско лекување на слобода*

Мерка на безбедност која за прв пат е воведена во Кривичниот законик од 1976 година. Наменета е за душевно абнормални сторители на кривични дела, кај кои отстранувањето на таа опасност може да се постигне и со нивно лекување на слобода.

Смислата на оваа мерка е потпрена врз современите психијатриски сознанија дека лекувањето на овие лица може да биде поефикасно доколку наместо во услови на изолација таа се остварува во слободна средина каде што лицето нормално ги остварува своите општествени комуникации.

- *Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани*

Оваа мерка во кривична постапка судот може да му ја изрече на сторителот што извршил кривично дело поради зависност од постојана употреба на алкохол или опојни дроги и кај кого постои опасност дека поради оваа зависност и натаму ќе се вршат кривични дела.

За секоја изречена мерка од страна на надлежниот суд врз дете, стручните тимови изготвуваат план за индивидуален третман за работа, и се залагаат кон задоволување на потребите на детето и кон позитивно влијание за подобрување на неговото однесување.[18]

Карактеристики на искуството на разводот во зависност од возраста на детето најчесто, родителите произлегуваат кога и во која форма да ги информираат информациите за децата за тоа што решиле да се разведат. Подобро е ако родителите доаѓаат на заедничко мислење и заедно ќе покажат за потребата за развод.

Неуспехот ги плаши децата. Тие почнуваат да се сомневаат дека нешто страшно се случува, неверојатни приказни доаѓаат со, што само ја зголемува тензијата. Се разбира, родителите мора да размислуваат за чувствата на нивните деца, но мора да бидат утврдени и да ја кажат вистината. Во помладата возраст Детето е склоно да ја пренесе вината за многу трагедии што се случуваат во семејството.

Ми се чини дека родителите се колнат поради фактот што тој се однесува лошо, тој учи лошо итн. Искреноста и јасноста ќе им овозможат на родителите да ја намалат сопствената вина во детето. Објаснувајќи му на детето причина зошто тие одлучија да се разведат, неопходно е да се земе предвид неговата возраст и нивото на психолошки развој. Тоа зависи од неговата способност да се реализира и да се земе она што се случува. Најправичната одлука е да му даде искрен и едноставен за да го разбере неговото објаснување за тоа што се случува. Од фактот дека и како му кажувате на детето во оваа ситуација, ќе зависи од понатамошната врска помеѓу вас, вашето дете и

[18] Семејно право во СФРЈ, Скопје, 1977, 1980 – Миле Хаџи Василев

поранешниот брачен другар. Многу е препорачливо да лежи во овој случај. Ако детето не знае каде неговиот татко одеднаш исчезна, тоа може да доведе до ужасни последици. Тој може да одлучи дека тато умрел и ќе се одгледува во оваа пригода. Сепак, целата вистина не е неопходно да се знае детето на сите.

Причината за разводот може да биде не само несогласување за домашните прашања, туку и предавство на брачните другари. За мали деца, тоа може да стане трагедија, повреда на неговата психа, а за постаро дете, толку повеќе информации за вистинските причини за разводот може да се даде.

Ако тој е сосема мал, бебето, тој не знае како да зборува уште, тогаш воопшто не треба да се обиде да му објасни нешто за него. Почекајте додека не порасне и почнува да поставува прашања за неговиот татко. Потоа кажете. Дете под седум години едноставно може да каже дека таткото сега ќе живее одделно, но тој ќе може да го види кога сака. Секако, треба да ги потврди и родителите. Ако тато нема да комуницира со детето, тогаш не треба да го измамиш. Тинејџер кој веќе разбира многу, можете да кажете многу, но, повторно, не треба да давате информации што ќе го понижат достоинството на еден од родителите.

Еден тинејџер веќе знае што љубовта е нешто што знае за односот со спротивниот пол, па тој ќе може да разбере дека родителите имаат ладење на чувства едни на други, иако тој ќе го слушне тоа, а не многу убаво. За жал, меѓусебните населби на брачните другари едни на други се доста често истури врз децата.

Често можеш да чуеш од помладите ученици: тато е лошо, па мајка ми и мајка ми беа исфрлени од куќата. Јасно е дека детето не излезе со себе. Постои позиција на навредена мајка. Одделете ја односот едни со други од односот со детето. Престанавте да бидете мој сопруг и жена, но не престанува да биде мајка и тато.

Детето не треба да ја изгуби својата идеја за иднината. Тоа треба јасно да замисли како неговите односи со родителите ќе бидат преклопени. Без оглед на тоа колку е старото дете, тој сака да знае дека дури и по разводот, родителите сè уште продолжуваат да го сакаат и тој секогаш може да смета на нивна помош и поддршка. Не посветувајте детално дете . Тој воопшто не е неопходно да се знае кој, на кого, кога и колку пати се промени. Овој вид на информации го деградира лојалниот сопруг, па затоа треба да молчат за таквите факти. Иако, најверојатно, прашањето "Зошто?" не може да следи. Повеќето деца ги преземаат околностите како факт. Ви се чини дека разводот ќе ви донесе и вашиот сопружник можност да започне нов хармоничен живот, бидејќи

заедничкото сместување стана неподносливо. Сите мислевте. Тие дојдоа до општото мислење дека ќе биде само подобро за секого.

Но, за мали деца, разводот на родителите може да биде најсилниот детски шок, дури и ако родителите се расправаат и се заколнаа во брак. Без оглед на околностите на разводот, тие некако влијаат на однесувањето на детето.[19] [20]

## 4. Фактори кои доведуваат до нарушено однесување кај децата на разведени родители

Кога се зборува за фактори кои можат да предизвикаат нарушено однесување кај децата и младите, потребно е да се знае дека се работи за многубројни и комплексни, меѓусебно испреплетени феномени, кои во стручната литература се класифицираат на различни начини.

Најчеста и наједноставна поделба на факторите за нарушено однесување, е поделбата на: внатрешни (субјективно-психолошки) и надворешни (социолошки) фактори.

Во понатамошното истражување ќе се задржиме на социјалните фактори, посебно на условите за живот во семејството како фактор за нарушено однесувањето на децата и младите.

Се поставува прашањето, кои проблеми се јавуваат во современото семејство што можат да влијаат врз однесувањето.

Тоа би можеле да бидат: разводот на родителите, економските услови во семејството, сиромаштијата, невработеноста, образованието на родителите, професијата на родителите, станбените услови, комуникацијата родители – деца и сл.

Ситуации во кои брачните парови живеат во дисхармонични односи или кога еден од родителите ќе го напушти семејството се состојби кои многу силно влијаат врз личноста на децата во едно семејство.

[19] Во поранешните години за време на миса, слушање говор за обележување на голем христијански празник мажите стоеле во првите редови на наосот, додека во задниот дел, обележано со потемни или посветли плочки започнувал женскиот наос. Во новите христијански храмови поделбата на наосот за верници од машки пол и вториот дел за верници од женскиот пол не постои.

[20] Источник: https://nemelianov.ru/mk/pozdravleniya/razvedennye-roditeli/ © nemelianov.ru Видено на 11.03.2022 година во 20:00 часот

Животот на родителите во кавги и омразата се посебна деструктивна појава која има негативно влијание кај децата и се одразува со неуспех во училиште, нарушување во однесувањето и др.

Меѓутоа, овој процес на дисхармонизација на семејниот живот во истражувањата не покажал дека има врска со материјалната состојба и нивото на образование на родителите. Истражувањата направени во Полска покажале дека врз децата најдеструктивно влијае состојбата пред развод, кога во семејството има караници, а додека по разводот се намалува емоционалната напнатост и се добива подобра и смирена атмосфера.

*Мајка вработена надвор од домот* – овој проблем е покомлициран од претходниот, и затоа многу педагози сметаат дека негативното влијание на вработеноста на мајката се согледува во следниве случаи:

- кога мајката е сама;
- мајка на мали деца;
- кога работното место е многу далеку од домот;
- кога работи во смени.

Негативното влијание на вработената мајка не доаѓа до израз кога децата се големи и кога таа знае да одржува психичка врска со семејството, а посебно врска со децата.

Треба да се истакне дека сите истражувања ја потврдиле статистичката зависност меѓу малолетничката деликвенција и вработеноста на мајката.

*Многудетност* – бројот на деца во современото семејство се намалува.

Таму каде што бројот на децата е четири деца, па и повеќе, се појавуваат карактеристики на деградација на семејството. Во него родителите освен вршењето на својата професионална работа, работат и хонорарно, бидејќи им требаат повеќе средства и имаат помалку време за своите деца. Во вакви семејства се јавува и физичка истоштеност на мајката.

### 4.1. Сиромаштијата како фактор за нарушено однесување

Многубројни истражувања покажале дека во услови на економска криза во општеството доаѓа до несигурност помеѓу граѓаните и економска криза и во семејството, а тоа значело и доаѓање до сиромаштија и невработеност. Посредни последици од сиромаштијата биле необразованост, како кај родителите така и кај децата, невработеност, недоволно

финансиски средства, немање соодветни услови за живот и сл. Сето ова, пак, негативно се одразувало врз целокупниот статус на семејството во општеството. Порано поимот „сиромаштија“ имал значење – недоволни приходи за обезбедување на минималните потреби од храна. Денес се смета дека сиромаштијата е состојба во која ги нема основните можности за достоинствен живот.

Сиромаштијата се манифестира на различни начини, како на пример:

- глад и неисхранетост;
- слабо здравје;
- ограничено образование;
- неадекватни станбени услови и др.

Иако многу објавени истражувања укажувале дека сиромаштијата во едно семејство не мора да значи појава на нарушено однесување кај децата, сепак се покажа дека сиромаштијата е најчест фактор за различни социјални проблеми, како што се образование, финансии, вработеност, кои пак водат кон нарушено однесување кај децата.[21]

### 4.2. Економските услови во семејството како фактор за нарушено однесување кај децата

Зголемувањето на бројот на деца и млади со нарушено однесување се поврзува со економската состојба во општеството, а со тоа и во семејството.

Зголемувањето на цените на основните производи доведува до немање доволно финансиски средства и намалување на куповната моќ на родителите. [22]

Во ситуации на отпуштања од работа и не исплаќање на плати се доаѓа до неизвесна иднина, депресија, апатија кај некои членови во семејствата, разочарување, лично казнување и сл.

Целата оваа состојба и атмосфера во семејството станува конфликтна и поволна за појава на нарушено однесување и доаѓа сè повеќе до израз кај децата и младите во овие семејства.

[21] Закон за семејство член 33-а, „Службен весник на РМ“ бр. 153/2014 година.

[22] Петроска, Б. Класиците на марксизмот за брак и семејство, Скопје

### 4.3. Невработеноста во семејството како фактор за нарушено однесување кај децата

Невработеноста на родители кои основале свое семејство и имаат деца има големо влијание врз целокупното однесување на луѓето, а со тоа и врз однесувањето на децата. Невработеноста претставува проблем за членовите на семејството кои се невработени, бидејќи кај нив се создава посебна психичка состојба – разочарување.

Во литературата и истражувањата од оваа област се наведува дека постои поврзаност помеѓу невработеноста на родителите и нарушувањето на однесувањето кај нивните деца.

Но, притоа се зема предвид времетраењето на невработеноста, можноста за ново вработување и желбата за работа.

Значи, важно е од која причина, родителот или двајцата родители станале невработени.

### 4.4. Образованието на родителите и нивната професија како фактор за нарушено однесување кај децата

Ова влегува во најчувствителниот индекс за состојбата во семејството, пред сè во рамките на културната атмосфера во семејството, кои се во однос со професионалниот статус и со големината на личниот доход по член на семејство, со густината во семејството и бројот на жители во домот.

Се смета дека праг на сигурност е завршување на основно училиште.

Лицата со незавршено основно образование стануваат категорија од која произлегуваат најмногу алкохоличари, проститутки, престапници и деца со нарушени однесувања.

Значењето на завршеното основно образование не е само во здобиеното минимум знаење, туку во тоа што при одењето на училиште се изградува нивната личност, навики за дисциплина, обврски, точност.

Треба да се истакне дека индексот на образование на родителите е значаен кога се разгледуваат културните потреби на одредените категории на семејства, на пример интерес за театар, музика, спорт и др.

Степенот на образование и професијата на родителите се меѓусебно поврзани и условени. Од степенот на образование зависи и професијата.

Во семејства каде родителите се со низок степен на образование или немаат никакво образование, тие немаат речиси никаква професија, невработени се или немаат

постојано и сигурно вработување. Тоа во исто време значи и дека имаат низок социјален статус во општеството и немаат доволно финансиски средства за егзистенција. Од нивното образование и професија зависи каков ќе биде нивниот статус во општеството.
Во ваквите семејства постојано владее нарушена семејна атмосфера, конфликтни и нервозни ситуации, нетрпеливост којашто негативно се одразува врз децата и нивното однесување. Во поново време постојат и семејства каде што родителите се со високо образование, работат на својата струка и професија и се во постојан работен однос.
Ги имаат обезбедено сите услови за пристоен дури и за раскошен живот, а кај нивните деца се забележува нарушено однесување.
Проблемот во ваквите семејства е во тоа што родителите се преокупирани со себе, својата работа и кариера, па немаат доволно време да го посветат на своите деца. Затоа, децата од ваквите семејства бараат внимание кај други деца, најчесто од училиштето или од улицата.
Меѓутоа, факт е дека родителите со повисоко образование поповолно влијаат врз развојот и однесувањето на своите деца, насочувајќи ги и поттикнувајќи ги да учат и да се образуваат. Тие влијаат врз формирањето на свеста за значењето на образованието од кое ќе зависи нивната професија и понатамошниот живот.

### 4.5. Станбениот простор на семејството како фактор за нарушено однесување кај децата

Станбениот простор како проблем во едно семејство се однесува на големината на станот (домот), во однос на бројот на членовите во семејството кои живеат таму.
Секој член во семејството треба да има свое место, свој простор за живеење. Ова претставува важен индекс при одредувањето на состојбата во семејството.
Едно истражување успешно било спроведено во Франција, при што се покажало дека сигурност за среќно семејство се две лица во една просторија.
Кога тој праг се пречекорува со три или повеќе лица, во семејствата имало појава на неприспособеност, кражби, бегање од дома и сл.
Исто така, се појавувал праг на несигурност кога станот е многу пространа, а во него живеат мал број на лица. Тогаш се појавувала осаменост.
Многу важен услов за успешност во семејството е градбата и местото на зградата или куќата.

На семејниот живот најлошо влијаат густо збиени, стари и оштетени згради, а убаво делуваат нови градби на згради, урбанистички и современо изградени.
Нерешеното станбено прашање во многу семејства претставува потенцијална опасност за лоши семејни услови и нарушување на однесувањето кај децата.
Досегашното искуство покажало дека лошите станбени услови за живеење доведуваат до лоши брачни и семејни односи помеѓу сите членови, а посебно ако се работи за многу члено семејство кое живее во мал простор.

### 4.6. Комуникација во семејството како фактор за нарушено однесување на децата

Процесот на комуникација претставува размена на содржина на пораки помеѓу два или повеќе субјекти. Кога се зборува за комуникација во семејството се мисли на размена на содржински информации помеѓу сите членови во семејството, посебно помеѓу родителите и децата. Успешно воспоставената комуникација помеѓу нив е сигурен предуслов за здрав и позитивен развој на децата во семејството. Добрата комуникација во семејството им дава можност на родителите постојано да имаат контрола над децата при извршувањето на нивните секојдневни обврски и следење на нивното однесување, во различни ситуации. Комуникацијата овозможува меѓусебно разбирање, поддршка, соработка, решавање на проблеми и сл. Родителите треба секогаш да покажуваат интерес за тоа што чувствува детето, како размислува, поткрепено со дијалог и мислење како родителот би постапил или реагирал во одредени ситуации. Многу е важно детето кога ќе се отвори и ќе почне да зборува да знае дека со внимание и интерес се слуша неговиот глас и мислење. Не е важно само за што се разговара, туку како, со која боја и интензитет на гласот, бидејќи сето тоа влијае на успешно примена и пренесена порака.

### 4.7. Разводот на родителите

Разводот или разделувањето на родителите настапува како последица на конфликти. Со тоа семејството станува деградирано, со уште помалку можности за вршење на основните семејни функции.

Истражувањата покажуваат дека разделувањето на родителите пред навршени 5 години живот на детето ги зголемува шансите за покажување нарушувања во однесувањето.

Критичен период е и пред адолесценцијата. Ова секако не е правило – не се сите деца на разведени родители склони кон проблематично однесување.

Родителите кои соодветно ги завршуваат своите родителски улоги и по разводот, „здраво“ поминуваат низ самиот развод и продолжуваат заедно да се грижат за децата, па значајно ја намалуваат веројатноста за развивање ризично однесување.

## 5. Развој на вршење на родителското право по развод на брак

Формулацијата “најдобар интерес на детето’’ содржана во секое решение донесено од страна на центарот за социјални работи е посебно проблематична кога се применува во практиката. Како неодредена и променлива категорија, интересот на детето не може прецизно да се утврди. Законодавецот го има поставено само општото мерило “интерес на детето’’, чија содржина не е однапред прецизно утврдена.

Ставот на законодавецот дека принципот “најдобар интерес на детето’’ претставува прв критериум, а не единствен или исклучив, дава повод за размислување дека покрај овој критериум постојат и други кои се релевантни за донесување на одлука за доверување на детето.

Притоа, тие се однесуваат на различните потреби на детето и истите на различен начин придонесуваат за остварување на основниот принцип “најголем интерес на детето’’. Социолошките истражувања кои го истражуваат влијанието на разводот на брак врз децата покажуваат дека основни причини за негативно влијание на разводот врз децата се конфликтите помеѓу родителите, промените во структурата на семејството, отсуството на таткото, економските проблеми и промените во семејните процеси, како што се конфликтите и искажувањето на емоции. Концепцијата според која децата по разводот на брак треба да се доделат на старателство на мајката, освен доколку таа е неспособна да го врши родителското право, што се оправдуваше со ставот дека е тоа во најдобар интерес на детето, доминираше од средината на XIX до 60-тите години на XX век. Во овој период, според Parkinson, „Судот ќе го довери детето на мајката и ќе му определи пристап и посета на таткото.” Овој модел на вршење на родителското право по разводот на брак доминирал во сите земји, без оглед дали се работело за земји на

континенталното или англосаксонското право. Овој модел на вршење на родителското право по разводот на брак се базирал на концепцијата за „clean break", според која, по разводот на бракот престанувале врските помеѓу поранешните партнери, на едниот од нив му биле доверувани децата и тој ги носел најзначајните одлуки за нив, а другиот имал само право да одржува лични контакти со децата и обврска да плаќа издршка.
Реформите на моделот на вршење на родителското право по разводот на брак почнуваат прво во САД, а потоа и во останатите европски земји, и се базираат на концептот на joint legal custody, а во последно време се почесто и на концептот за joint physical custody.

Напуштање на моделот според кој детето по разводот се доверува на едниот родител (тоа е најчесто мајката) и на прифаќање на концепцијата дека најдобриот интерес на детето по разводот на брак подразбира дека на детето треба да му се овозможи постојана и интензивна комуникација и со двајцата родители.
Иако Законот за семејство во нашата земја го прокламира начелото на еднаквост при вршењето на родителското право, сепак со самата примена на ова начело се прави исклучок од него, така што судот по разводот на бракот децата му ги доделува само на едниот родител. Поради ова може да се заклучи дека во македонското законодавство е присутен застарен концепт кој не го следи правилото за најдобар интерес на детето.
Со измени на Законот за семејство треба да се уреди ова прашање изречно, односно да се предвиди одредба дека и по развод на брак родителското право продолжува да се реализира заеднички и спогодбено.
Доколку не е можен договор меѓу родителите, конечната одлука за грижата и воспитувањето на децата ќе ја донесе Судот на препорака на Центарот за социјални работи.
Ваквото решение ќе биде неопходно во случаите кога во судска постапка и со докази ќе се утврди дека едниот родител од определени причини (психички заболувања, злоупотреба на алкохол или наркотици, физичка или сексуална злоупотреба и др.) не е целосно или делумно соодветен за поделено старателство.

## 6. Влијанието на разводот на брак врз децата

Голем број на истражувања покажаа дека улогата на таткото има големо значење за правилниот психосоцијален развој на детето, и дека „најдобриот интерес на детето" не

може да се оствари доколку таткото е во голема мера или целосно исклучен од процесот на образование и воспитување на детето.

Самостојното вршење на родителско право од страна на мајката води кон отсуството на таткото, а отсуството на таткото е поврзано со негативни резултати за детето.

Осумдесет и пет проценти од младите во затворите немаат татко, 90 проценти од децата бегаат од дома без татко, млади без татко покажуваат повеќе нивоа на депресија и самоубиствени стапки, деликвенција, промискуитет и бременост на тинејџерите, проблеми во однесувањето и отворена или скриена злоупотреба на дроги.

Овие студии, исто така покажуваат дека постои поголема веројатност дека младите без татко ќе бидат жртви на експлоатација и злоупотреба, бидејќи отсуството на татко во развод е значително поврзано со полоша слика на децата за себе. Од гледна точка на детето, таквото де факто самоодгледување е за жал несоодветно, што често резултира со губење на примарен старател.

Имајќи ги во вид меѓународни конвенции (Конвенција на ОН за правата на детето) и извештаите, како што е Извештајот на Специјалниот заеднички комитет на Долниот дом на Сенатот за чување на деца и пристап до деца (1998), таквата организација ја поткопува основната потреба на децата за двајцата родители да бидат активни и одговорно вклучени во нивните живот.

Значењето на таткото за правилниот психолошки и социјален развој на детето и за негова правилна социјализација се гледа не само во текот на бракот, туку особено во случај на развод на бракот. Ова е особено значајно, поради фактот што голем број истражувања во изминативе неколку децении покажаа дека разводот на брак има негативни последици врз децата. [23]

Основни причини за негативното влијание на разводот на брак врз децата се нарушување на односите помеѓу родителите и децата, недостаток од емотивна поддршка, постојани конфликти помеѓу родителите, економски тешкотии и други негативни последици, како

[23] Според овој модел, кој почнува да доминира во европските земји во средината на 20век, судијата веќе не морал да утврдува кој од брачните партнери е виновен за разводотна брак, туку требало само да констатира еден објективен факт – а тоа е дека односитево брачната заедница се трајно нарушени и заедничкиот живот е невозможен. Овојмодел на развод се базирал на концепцијата за „clean break" според која по разводот набракот престанувале врските помеѓу поранешните партнери, на едниот од нив му биледоверувани децата и тој ги носел најзначајните одлуки за нив, а другиот имал само правода одржува лични контакти со децата и обврска да плаќа издршка. Види повеќе: Boulanger, F., Les rapports juridiques entre parents et enfants, Perspectives comparatives et internationals, (Economica, Paris, 1998), стр. 79. 118.

што е менувањето на домот во кој детето живеело. Конфликтите помеѓу родителите пред разводот на бракот, како и во текот на постапката и по разводот на бракот се најголемиот и најзначајниот проблем со кој се соочува не само македонскиот законодавец туку и законодавецот во европските држави. Од друга страна, треба да им се укаже на родителите како треба да се однесуваат како одговорни родители на кои на преден план им се децата и затоа советувалиштата треба да имаат суштинска улога, а медијацијата е поволна бидејќи не го инспирира чувството на триумфализам на едниот родител дека го добил детето.

Со зголемување на бројот на разводи во сите западни земји, направени се голем број социолошки истражувања за да се утврди како разводот на брак влијае врз децата.

Во овие истражувања како основни причини за негативно влијание на разводот врз децата се наведуваат конфликтите помеѓу родителите, промените во структурата на семејството, отсуството на таткото, економските проблеми и промените во семејните процеси, како што се конфликтите и искажувањето на емоции.

Според Бјамасон и Амарасон "На родителите кои се разведени може да им биде тешко да ги набљудуваат и надгледуваат своите деца соодветно, да ги дисциплинираат соодветно и да им дадат доволно топлина и наклонетост.

Родителско време и внимание може да биде потешко достапно во не-целосни семејства и затоа може да придонесе за полоши резултати за деца на разведени родители. Социолошките истражувања за влијанието на разводот врз децата покажуваат дека разводот е поврзан со агресивно и анксиозно и депресивно однесување кај децата уште кога се на возраст од три години.

Една од основните причини за ваквите негативни последици од разводот врз малите деца е стресот со кој е соочена мајката во текот на разводот, поради што таа не е способна да ја извршува правилно родителската функција.

Покрај ова, разводот на брак негативно влијае и врз резултатите што ги постигнуваат децата во училиште, а се забележува и негативното влијание на разводот врз интерперсоналните способности на децата. Некои истражувања покажуваат дека децата од разведени родители имаат повеќе проблеми во социјалните врски од останатите деца. Тоа е така затоа што брачните партнери во текот на разводот се спротивставени страни. Најчесто постои сериозен конфликт. Овој конфликт понатаму се пренесува во вршењето на нивните права и обврски. Што значи тоа? Брачниот конфликт престанува по разводот, но тие се родители и нивниот конфликт се пренесува во вршењето на родителското право, а тоа најдобро го покажува и судската пракса.

Според сите социолошки истражувања, таквата ситуација воопшто не е во интерес на детето.

За да се надминат овие состојби што се среќаваат во практиката и кои не само што ги загрозуваат интересите на детето, туку ги нарушуваат и неговите права, потребно е воведување на брачната медијација и зајакнување на улогата на брачните советувалишта, а во насока на зајакнување на свеста на родителите дека конфликтот меѓу нив влијае крајно негативно врз децата.

Родители имаат повеќе проблеми во социјалните врски од останатите деца. Покрај сите овие негативни последици од разводот врз децата, истражувањата покажуваат дека децата чии родители се развеле и самите почесто се разведуваат кога ќе склучат брак, а некои истражувања покажуваат дека не само разводот на родителите, туку и разводот на дедовците и бабите има негативно влијание врз внуците.

Негативните последици на разводот на брак врз децата, особено прекинот на контактите на децата со еден од родителите (најчесто таткото на детето по разводот на брак), доведоа до потребата да се бараат алтернативи на моделот според кој децата по разводот се доверуваа на старателство на мајката и до прифаќање на нов модел на вршење на родителските права по разводот на бракот, а тоа е поделеното родителство.

Иако поголемиот дел од европските земји го прифатија моделот на заедничко вршење на родителското право по развод на брак, сепак треба да се прави разлика меѓу концептот на заедничко вршење на родителските права по разводот на бракот и поделеното родителство. [24]

Заедничкото вршење на родителските права подразбира и таткото и мајката по разводот на бракот заеднички да решаваат за најважните прашања во животот на детето, како што се на пример неговото образование и медицински интервенции.

Поделеното родителство подразбира не само заедничко вршење на родителските одговорности во правна смисла, туку и нешто повеќе.

Според моделот на поделеното родителство детето треба да поминува подеднакво време, или приближно подеднакво време по разводот на бракот и со едниот и со другиот родител.

Следствено на кое детето по разводот нема да има само еден дом, и повремено да се среќава со родителот со кој не живее, туку дека ќе има два дома.

[24] https://nemelianov.ru/mk/pozdravleniya/razvedennye-roditeli/ Видено на 09.03.2022 во 18:00 часот

Примената на joint physical custody моделот на вршење на родителското право по разводот на бракот има голем број позитивни карактеристики.

Разводот на бракот не е лесен процес за никого, особено за децата кои целосно се зависни од своите родители.

Последниве месеци, поради пандемијата на корона вирусот и карантините, расте бројот на разводи на глобално ниво.

Тоа прво почна да се забележува токму таму каде што пандемијата започна, во Кина, каде што е регистриран рекорден број на барања за развод.

Сепак, целта на примената на овој модел е да се промовираат блиски и интензивни контакти меѓу децата и родителите по одвојувањето и разводот, поттикнување на соработка помеѓу родителите и намалување на родителски конфликт и судски постапки. Во некои адвокатски канцеларии порастот е околу 50 отсто. Разводот е стресен за целото семејство, но повеќето деца сепак успешно ја совладуваат таа промена и растат во здрави лица, додека само дел од нив доживуваат емотивни тешкотии поради кои последиците ги следат и во текот на возрасниот живот. [25]

Еве неколку научно докажани ситуации што може да ги преживуваат децата на разведени родители:

- **Децата може да се лутат поради разводот** - Ако размислите, лутината има смисла. Целиот нивен свет се менува, а тие на тоа не можат да влијаат. Лутината како реакција на разводот може да се појави кај децата од сите возрасти, но најчеста е кај оние од основно образование и кај тинејџерите. Чувството на лутина може да биде последица на чувството на напуштеност или губиток на контрола. Лутината може да биде насочена и кон себеси, со оглед на тоа дека децата често се обвинуваат поради разводот на родителите.

- **Децата може социјално да се изолираат од врсниците** - Може да се случи вашето вообичаено дружељубиво дете одеднаш да стане многу срамежливо или „тешко“. Може дури и да се плаши од социјални контакти, како дружење со пријателите или присуствување на училишни настани. Губењето на самодовербата е поврзано со разводот и повлекување во себе, па треба да се работи на зајакнување на детската самодоверба.

[25] Проф.Д-р Дејан Мицковиќ,Проф.Д-р Милица Шутова – Разводот на брак во европските земји

- **Нивните оценки може да се влошат** - Децата што поминуваат низ развод на родителите може да имаат полоши оценки, а може да се случи и да отсуствуваат од часовите. Овие последици се гледаат веќе кај децата во прво одделение, но поизразени се кај деца на возраст од 13 до 18 години. За тоа постојат неколку можни причини, од тоа децата да се чувствуваат занемарено, а можно е и да се депресивни или растроени поради судирот помеѓу родители.

- **Децата може да чувствуваат анксиозност** - Една од можните последици на разводот е чувството на анксиозност од одвојување. Се јавува кај малите деца, а се изразува со засилено плачење и зголемена потреба за блискост. Се разбира, тоа може да биде само развојна транзиција која почнува помеѓу 6. и 9. месец, а престанува на 18 месеци. Но и постарите деца може да покажат знаци на анксиозност поради одвојување или може да го побара другиот родител кога едниот не е во близина. Некои деца добро реагираат на визуелни алати како календари на кои јасно се означени датумите за дружење со другиот родител.

- **Децата од претшколска возраст може да заостануваат во развојот** - Децата на возраст помеѓу 18 месеци и 6 години на разводот може да реагираат со однесување како мокрење во кревет, цицање на палецот и нервоза. Таквите однесувања може да бидат знак за зголемен стрес или тешкотии во приспособувањето на промени. Во ваквите ситуации клучно е да се осигурате дека вашето дете се чувствува сигурно.

- **Нивниот ритам на исхрана и спиење може да се промени** - Истражување спроведено во 2019 година го поставило прашањето дали децата ја носат тежината на разводот. Иако индексот на телесна маса не се зголемува веднаш, тој со текот на времето може да биде значително поголем кај децата чии родители се развеле во однос на децата што не поминале низ развод. Овие последици се највидливи кај децата кои во времето на разделбата биле помлади од 6 години. Децата од сите возрасти може да имаат проблеми со спиењето, а тоа може да придонесе и за зголемување на телесната тежина. Некои деца може да имаат и кошмари.

- **Децата може да изберат страна** - Научниците предупредуваат дека кај децата чии родители се расправаат се јавуваат когнитивни дисонанции и конфликт на лојалност. Всушност, децата се чувствуваат непријатно бидејќи се наоѓаат во средината и не знаат дали треба да заземат некоја од страните. На непријатноста децата може да реагираат со зголемени болки во стомакот или главоболка. Конфликтот на лојалност може да стане поизразен како што растат децата, што може да доведе до целосен прекин на контактот со едниот родител, со тоа што децата ќе одберат страна, но со текот на времето може и да ја променат.

- **Децата може да станат депресивни** - Иако иницијално децата се чувствуваат тажно поради разводот, истражувањата покажуваат дека децата од разведени родители имаат ризик за развој на клиничка депресија. Особено е загрижувачко тоа што некои од нив се изложени на поголем ризик од самоубиство или обид за извршување самоубиство. Во најголем ризик се децата постари од 11 години, со тоа што момчињата се изложени повеќе на ризик од суицидни мисли за разлика од девојчињата. Во такви ситуации многу е важно да се побара стручна помош.

- **Може да се впуштат во ризични однесувања** - Злоупотреба на алкохол и дрога, агресивно однесување и рана сексуална активност се можни однесувања што следуваат по разводот на родителите. Истражувањата покажуваат дека тинејџерките што живеат без татко порано стапуваат во сексуални односи, додека за момчињата не постои таков ризик.

- **Може подоцна да имаат слични проблеми во своите врски** - Постои голема можност децата на разведени родители, откако ќе стапат во брак, исто така да се разведат. Се смета, имено, дека разводот на родителите влијае и врз односот на децата кон врските. Тие може да се помалку заинтересирани за влегување во долгогодишна врска заснована на верност.

### 6.1. Како да им кажете на децата дека се разведувате?

Треба да се разговара отворено и искрено. Психолозите советуваат разговорот да се изврши две до три недели пред родителите физички да се раздвојат бидејќи тоа им дава

на децата малку време да ја процесираат ситуацијата. Кога ќе дознае, детето сигурно ќе има многу прашања. Ќе го интересира со кого и каде ќе живее, каде ќе оди другиот родител, кога ќе го посетува итн. Експертите советуваат да се разговара со децата во мирен простор. Изберете викенд кога ќе немате други обврски.

Неколку дена порано најавете му го разговорот и на наставникот на своето дете. Па така ќе го подготвите во случај детето да почне различно да се однесува. Кажете му на детето дека не ви било лесно да ја донесете таа одлука, дека долго сте размислувале, а проблемите сте се обиделе да ги решите на други начини.

Уверете го детето дека тоа не е одговорно за разводот и објаснете му дека еднакво може да ги сака двајцата родители.

Обидете се да не ја префрлате вината на другата страна, а на детето дајте му простор да ги покаже своите чувства. Кажете му дека сето тоа е нормално и во ред е ако се чувствува загрижено, луто или тажно, па дека заедно ќе се носите со неговите чувства.

### 6.2. Совети како да им помогнете на децата

Објаснете им дека може да ги делат со вас чувствата и добро слушајте што имаат да ви кажат. Покажете разбирање за фактот дека секое дете различно ја процесира промената.

Водете сметка за промените во однесувањето кај децата. Обидете се што помалку да имате кавги со поранешниот партнер бидејќи децата тогаш заземаат страни и повеќе му се лојални на еден од родителите.

Ова правило не важи само за децата на разведени родители.

Ако детето покажува некои загрижувачки знаци, обратете се на педијатар или психолог.

И на крајот, бидете добри кон себе. Точно е дека на вашето дете му е потребен силен и стабилен родител. Но, не плашете се пред него да ги покажете своите емоции. На крајот на краиштата, и вие сте човечко битие. Сосема е нормално пред децата да ги покажете своите емоции. И децата од разведени бракови имаат право на два родителa и сето тоа може да се прикаже преку еден пример со слики  кој следува.




Велат дека имаат покренато граѓанска иницијатива за промена на законот за семејство при што бараат да постои рамноправно и споделено родителство на детето после развод. "До сега имаме направено пленарни дискусии, тркалезни маси а се одржа и дискусија на Правен Факултет со целосна поддршка на професорите од семејно право за нашите предлози! Само некој службеници од МТСП и ЦСР на кои им годи овој хаос и од кој можеби и профитираат го оспоруваат нашиот предлог и не се спремни на никакви промени. Нивните тврдења се дека децата од разведени родители биле помалку податливи на дроги отколку децата на не разведените... (што точно се цели да се кажи и кој е аргументот против предлогот на споделено и заедничко родителство не е јасно!) дали со овој предлог, предлагаат родителите да се разведуваат и да му бидат клиенти за да се намали зависноста од дроги не е јасно!", ни пишува еден родител од оваа определена група.[26]

[26] https://off.net.mk/lokalno/razno/i-decata-od-razvedeni-brakovi-imaat-pravo-na-dva-roditela/ Видено на 05.03.2022 во 17:30 часот







Постојат неколку начини на кои децата кои растеле со разведени родители љубат поинаку и тоа:

- Тие не се толку заинтересирани за бракот. Без разлика на сè, тие навистина сакаат да веруваат во бракот, но се плашат да не ги повторат истите грешки како нивните родители, па токму затоа и долго време ќе го одложуваат и ќе се двоумат за целата работа. Некои од нив, ако искрено и отворени ги прашате, би ви одговориле дури и дека ќе бидат задоволни со животен партнер, без официјален брак.

- Тие навистина ја ценат стабилноста. Бидејќи повеќето од нив растеле движејќи се лево-десно помеѓу два дома, еднаш живеејќи на едно место, а еднаш на друго, тие имаат оформено едно многу важно правило за себе. Станува збор за безбеден простор под само еден покрив.
- Понекогаш тие се премногу поврзани со нештата кои ги поседуваат. Тие живееле во два сосема различни дома каде што морале постојано да ги префрлаат своите нешта од едно место на друго. Затоа, со тек на времето, токму овие нешта кои ги носеле со себе почнале да го претставуваат нивниот дом, наместо кровот над нивните глави.
- Тие гледаат на празниците малку поинаку. Тие сè уште го делат времето помеѓу нивните родители, па ќе им биде малку тешко да најдат повеќе време и за вашите родители. Да, тие знаат дека ова е многу иритирачко, но тоа го прават цел живот. Добрата страна: Двојни подароци.
- Имаат „омилен“ родител. Тие и двајцата ги сакаат подеднакво, тука нема збор, но еден од нив го издвојуваат повеќе бидејќи поголемиот дел од времето го поминале со него. Тие нема да го признаат ова лесно, дури и кога е навистина очигледно.
- Многу се плашат од развод. Секогаш кога ќе налетаат на некоја од оние студии која тврди дека децата од разведени родители имаат поголеми шанси и самите да поминат низ развод, тие почнуваат да паничат. Дали разводот е генетски? Дали е на некој начин однапред програмиран? Во тие моменти тие го засилуваат верувањето дека ако никогаш не стапат во брак, тие никогаш нема да мора ни да се разведат. Решен проблем.
- Тие се или моногамни, или изневеруваат. На која страна и да се насочени, тие ќе одат во крајност. Особено ако разводот на нивните родители настанал поради изневерување. Ако тоа е проблемот, тие или се погрижуваат никого да не повредат на истиот начин или го гледаат однесувањето на нивните родители како еден вид оправдување и се впуштаат и самите во истото.
- Тие се многу приврзани за браќата и сестрите. Бидејќи тие се единствените на овој свет кој целосно разбираат низ што поминале и ја делат целата болка и повреда која следи со живеење во оваа ситуација. Токму затоа и се многу блиски, и без разлика на сè постојано се тука за поддршка.
- Сè уште се обидуваат да средат некои проблеми со себе. Дури во возрасниот живот, децата на разведени родители почнуваат да ги гледаат сите оние влијанија

кои разводот на нивните родители им ги предизвикал. Мора да помине подолго време за тие да можат да направат поврзаност помеѓу малите навики/карактеристики/размислувања кои ги имаат, добри и лоши, како и начинот на кој разводот на нивните родители директно им влијаел.

- Тие имаат два сета родители кои мора да бидат импресионирани. [27]

## 7. Менаџирање на стресот кај децата од разведени родители

Живееме во бурно време и полно предизвици. Брзите промени и неизвесности се во нас и околу нас. За ваквиот живот потребно е да имаме јака психичка и физичка структура. Психичкото здравје на возрасната особа зависи од наследството и условите во кои одредена особа се развива како дете. Поради тоа доколку не можеме директно да влијаеме на генетската структура на детето можеме да обезбедиме средина која позитивно ќе влијае на соочување на здравјето на децата, средината во која децата ги поминуваат речиси сите моменти е семејството. Оваа важна улога на семејството во развојот на детето ги наведуваат психолозите, педагозите и психијатрите да го истражуваат психопатолошкото влијание на неповолната семејна средина. Општата атмосфера во семејството заснована на меѓусебна доверба, разбирање (љубов како помеѓу родителите така и помеѓу родителите и децата придонесува децата да израснат во личности со позитивни особини, самостојни и сигурни во себе со добри социјални контакти и висок степен на толеранција на фрустрација. Ваквите деца се слободни весели и без чувство на ниска вредност. Несогласувањето помеѓу родителите доведува до појава на конфликти и во самото дете. Децата по правило ги сакаат и двајцата родители и делумично се идентификуваат и со едниот и со другиот родител и па поради тоа конфликтот помеѓу родителите често предизвикува конфликт и кај самите деца**.**

### 7.1. Разводот и неговото влијание врз децата

Разводот се смета како еден од најголемите стресови после губење на член на семејството. Разводот е лошо прифатен не само од оној кој што не го сака туку и од оној кој што го покренал, ако разводот денес влегол во модерниот начин на живеење сепак

[27] https://zase.mk/articles/183113/10-nachini-na-koi-decata-koi-rastele-so-razvedeni-roditeli-ljubat-poinaku/ Видено на 09.03.2022 година во 19:00 часот

сеуште не е влезен во навиките на афективниот план на човековата личност). Најчести причини за развод се конфликтите поради неможност да се надминат разликите и лошата комуникација која што доведува до неможност да се постигне договор околу распределба на обврските и одговорностите и злоставување и занемарување и неверство како и финансиски проблеми и преокупираност околу работата...разводот психотерапеутите го сметаат како крај но и нов почеток на еден животен циклус во која се менува организацијата на семејниот живот и овие промени сите членови на семејството ги доживува на свој начин со повеќе или помалку тага, лутина и разочарување (љубов + развод посебно тешко го доживуваат децата.).
Негативниот ефект на разводот врз децата пред се зависи од начинот на кој се одвива разводот и воспоставениот однос помеѓу родителите и потоа зависи од возраста на детето како и од фазите на неговиот развој околу родителите кои соработуваат за да се усогласат околу реорганизација на семејниот живот.[28]

## 8. Фактори кои влијаат за развод на брак

Факторите кои доведуваат до развод на брак, можеме да ги определиме како околности, предвидени со закон, врз основа на кои судот може, по барање на едниот или на двајцата брачни другари бракот да го разведе.

Разводот претставува начин на престанок на полноважен брак, причините за развод настануваат откако тој ќе биде склучен.

Причините што ќе настанат во текот на брачната заедница главно доведуваат до престанување на заедничкиот живот, и тоа кога брачните односи ќе се нарушат до таа мера што натамошниот живот станува неподнослив, разводот се јавува како единствено решение за неподносливоста на заедничкиот живот. Бракот може да се разведи само заради причините што се предвидени во законот. Тоа произлегува од општественото значење на бракот како институција заради што државата е заинтересирана да го институционализира бракоразводниот режим. Така, волјата на брачните другари, иако се работи за нивна приватна односно лична одлука, е битен услов за развод на брак.

### 8.1. Развод на брак поради душевна болест

[28] Проф,Д-р Слаѓана Анкелкоска - Менаџирање на стресот кај децата од разведени родители

Душевната болест како бракоразводна причина често е придружувана од неспособност за расудување како причина за развод на брак, но не мора да биде така во случај кога се појавува само неспособност за расудување.Душевната болест претставува одредено заболување, односно одредена здравствена состојба кога заболеното лице ја губи моќта свесно да управува со своите постапки како и да врши одредени брачни должности .Меѓутоа не секоја душевна болест може да биде причина за развод, т.е. оваа причина за да претставува бракоразводна причина, треба да настане по склучување на бракот ваквото заболување треба да биде од неизлечлива природа, што значи дека треба подолго да трае (неизлечлива-законски термин) бидејќи медицината не ги прифаќа терминот неизлечлива болест.

Воедно во секој ваков случај каде што душевна болест се појавува како причина за развод на брачна заедница за докажување на фактите потребно е мислење на лекар специјалист како вешто лице(психијатар).

### 8.2. Неподнослив заеднички живот

Бракот, во принцип треба да претставува хармонична заедница во која брачните другари живеат во слога и заемна љубов, создавајќи пријатна атмосфера за живот и работа, но и услови за одгледување, воспитување и стручно оспособување на своите деца.Но, во одредени случаи, од низа на субјективни и објективни околности и разни причини, може да дојде до тешко и трајно нарушување на брачните односи, што доведува до развод на брак каде основни причини за тој развод се недоразбирање, нетрпеливост, чести кавги и неподнослива животна средина.

При ова, брачната заедница ја губи својата цел и смисла, па оттука во сите брачни права во нашата земја неподносливиот заеднички живот, односно тешкото и трајно нарушување на брачните односи претставува причина за развод на брак.[29]

### 8.3. Неверство

[29] Види повеќе:Parkinson,P.,Family Lawand the Indissolubility of Parenthood, Sydney LawSchool, Legal Studies Research PaperNo. 06/31, (2006),стр.38.

Неверство се случува кога еден од брачните другари има доброволни сексуални односи со други лица надвор од брачната заедница. Неверството всушност се појавува како една од најстарите и најзастапените причини за развод на брак, односно како санкција против брачниот другар кој згрешил кон должноста на заемна верност.
Во правната теорија, неверството се дефинира како доброволен и свесен сексуален однос на еден од брачните другари со лице од спротивен пол надвор од бракот.
Тоа значи дека брачниот другар ќе стори неверство само ако доброволно и свесно стапи во сексуален однос, па доколку до неверство дојде под присилување (силување) или состојба во која без своја вина брачниот другар не можел да даде отпор или на тоа бил поттикнуван од другиот.

### 8.4. Посегање врз животот

Во Р. Македонија, во брачната заедница брачните другари се должни заемно да се помагаат па токму затоа посегнувањето врз живот на брачниот другар се смета како бракоразводна причина, односно претставува повреда на обврските за морална помош што брачните другари се должни во сите моменти на животот еден на друг да си ја даваат.
Посегнувањето врз животот на брачниот другар се јавува како бракоразводна причина ако еден од брачните другари со смисленост, а не од небрежност или под принуда или заблуда преземе такви дејствија со кои се доведува до прашање животот на другиот брачен другар.

### 8.5. Малтретирање, тешки навреди и нечесен живот

Малтретирање, тешки навреди и нечесниот живот претставуваат секоја за себе основа, врз која може да се побара бракоразводна постапка.

Сите овие околности, иако постојат посебно секоја како причина за развод на брак, меѓусебно скоро секогаш се поврзани, па на еден или на друг начин може и да бидат предизвикани меѓусебно правејќи го брачниот живот неподнослив.[30]

Малтретирањето, како причина, претставува лош однос на едниот брачен другар кон другиот и може да биде манифестирано со физичко пресметување, нанесување телесни повреди или пак постојан психички притисок и заканување како и постојани навреди, префрлување пред трето лице и јавно покажување симпатии кон трето лице.
Скоро сите претходно наброени околности можат да се вбројат и во тешка навреда на брачниот другар.
Нечесниот живот на брачниот другар се манифестира, на пример, со чести пијанства, трошење пари на комар, безделничење но и со дејности со кои се загрозуваат основите на општественоекономското уредување на нашата земја.

### 8.6. Злонамерно или неоправдано напуштање на брачен другар

Заедницата на живот на брачните другари е основа врз која се темели бракот, а бракот претставува трајна животна заедница и тоа значи дека должност на двата брачни другари е да живеат заедно и да градат хармонична средина за живот. Ако дојде до едностран прекин на таа заедница се создава можност за развод на бракот. [31]

Тоа значи, за да може напуштањето на брачниот другар предизвика прекин на бракот со развод потребно е тоа да биде сторено злонамерно или неоправдано, т.е. да биде сторено без оправдани причини, а од напуштањето на брачната заедница да изминале шест месеци.Оваа причина за развод на брак спаѓа во апсолутните причини за развод на брак.[32]

---

[30] Чавдар К., Сиљаноска Костадиновска Ц., Коментар на законот за семејството, Судскапрактика, предметен регистар, примери за практична примена, придружни прописи илитература, Академик, Скопје 2013, стр.214.

[31] Cucić V i sor. Socijalna medicina. “Savremena administracija”, Beograd, 2000: 434 str.

[32]https://www.academia.edu/37687870/%D0%92%D0%A0%D0%A8%D0%95%D0%8A%D0%95_%D0%9D%D0%90_%D0%A0%D0%9E%D0%94%D0%98%D0%A2%D0%95%D0%9B%D0%A1%D0%9A%D0%9E%D0%A2%D0%9E_%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%9E_%D0%9F%D0%9E_%D0%A0%D0%90%D0%97%D0%92%D0%9E%D0%94%D0%9E%D0%A2_%D0%9D%D0%90_%D0%91%D0%A0%D0%90%D0%9A_DE_LEGE_LATA_DE_LEGE_FERENDA/ Видено на 10.03.2022 во 14:00 часот

### 8.7. Исчезнување

Со исчезнувањето на еден[33] од брачните другари се доведува до прекин на брачната заедница, односно може да претстави основа за развод на брак, под услов да од денот на исчезнување изминало некое време и нема никакви вести за него.

За да може исчезнувањето на еден брачен другар биде основа за развод на брак, потребно е да на исчезнатиот брачен другар не се знае каде престојува, односно да не се знае дали е жив.[34]

## 9. Психосоматски промени кај децата предизвикани од разводот на родителите

Самата разделба на родителите рушењето на сликата која што детето ја има створено за семејството во кое припаѓа доведува до голем број промени кај детето на ментален план, физички план и емотивен план, односно доведува до пореметување на хомеостазата кај детето.

Самото сознание дека родителите повеќе нема да живеат заедно, дека детето нема да биде постојано со двајцата родители делува стресно кај детето. Тој стрес доведува до голем број промени кај детето во однос на начинот на исхраната, пореметен сон, но и ноќно мокрење, повлекување од социјалната средина, раздразливост, лесна ранливост, несигурност во себе, искривена слика за себе, чувство на кривица...децата од пред школската возраст не го сфаќаат разводот како емотивна разделба на родителите и не може да го прифатат како конечен, кај нив често се развиваат психосоматски симптоми, тие настојуваат преку различни облици на однесување кој што не се карактеристични на нивната возраст да го привлечат вниманието на родителите и на таков начин ќе настојуваат да ги смират.

Малите деца се често уплашени, збунети, се криват себе за разводот и имаат потреба да ги гледаат двајцата родители секојдневно.

---

[33] Smajkić A. Socijalna medicina sa organizacijom zdravstva. I del, Svjetlost, Sarajevo, 1998, 191 str. Видено на 10.03.20222 во 19:00 часот

[34] Адвокат М-р Изабела Димковска - Фактори кои влијаат за развод на брак и последиците од разводот,ноември 2020 година

Децата во школска возраст разводот го сфаќаат разводот како емотивна разделба и може да го прифатат како конечен и да го споделат со врсниците.

Кај децата од школска возраст се јавува деконцентрација, незаинтересираност за школски и воншколски активности, може да се јават психосоматски пореметувања и негативна слика за себе.

За да се намалат стресните ефекти кој што ги носи со себе разводот врз децата, потребно е да се спроведе медијациска советодавна работа паралелно со двајцата брачни другари од една страна и детето од друга страна.).

Најважно е на родителите да им се даде до знаење дека на децата треба да им се објаснат причините за разводот согласно нивната возраст и можноста тоа да го разберат.[35]

Родителите би требало да бидат усогласени во приказна за причините за разводот, треба да се усогласат околу грижата и негата за децата и постигнатиот договор заедно да им го соопштат на децата.[36]

Децата не треба да се доведат во ситуација самите да одлучуваат со кој родител сакаат за живеат.[37]

Треба да им се даде до знаење дека родителите ги сакаат и дозвола дека и во иднина треба да ги сака и двајцата родители и дека тие /децата не се криви за нивниот развој.

Доколку разводот се одвива на ваков начин во тој случај може да биде корисен за сите членови на семејството.

---

[35] Види повеќе: Fransson, E., et all., Psychological complaints among children in joint physical custody and other family types: Considering parental factors, Scandinavian Journal of Public Health 44 (2016), стр. 177.

[36] Види повеќе: Bjamason, T, Arsaell M. Amarsson, Joint Physical Custody andCommunication with Parents: A Cross-National Study of Children in 36 Westem Countries,42(6) Journal of comparative family studies (2011), 871-890, at 871.

Во оваа смисла Lamb идруги истакнуваат: Генерално, повеќето деца со развод имаат драматичен пад вонивните економски околности, напуштање (или страв од напуштање) од страна на еденили двата од нивните родители, намалениот капацитет на двата родители да посетуваатзначајни и конструктивни потреби на своите деца (бидејќи тие се преокупирани сосопственото психолошко, социјално и економско вознемирување, како и стрес поврзансо правниот развод) и намален контакт со многу познати или потенцијални извори напсихосоцијална поддршка (пријатели, соседи, наставници, соученици итн.) како иподобри услови за живот. Види повеќе: Lamb, M.E., Sternberg, K. J, Thompson, R. A. The 254

[37] Поголемото општествено и правно прифаќање на заедничкото вршење на родителското право по разводот на бракот кон крајот на XX век се случи кога и родителите почнаа порамноправно да ги вршат родителските одговорности. Во рамкитена една генерација законодавците, судовите и теоретичарите го прифатија становиштетодека заедничкото вршење на родителското право е начин со кој децата продолжуваат даодржуваат силни врски и со двајцата родители—Види повеќе: Herbie Di Fonzo, цит.дело,стр. 1005

Ваквите разводи се многу ретки во пракса. Разводот кај детето поттикнува голем број на прашања на кој детето не може да си даде самото одговор.[38]

Зашто родителите се разведуваат? Дали е тоа криво за разводот? Кој сега ќе се грижи за нив? Каде ќе живее? , низа други прашања кој што на детето му се разјаснуваат низ процесот на советувањето, доколку родителот не е во можност да му го објасни сето ова на детето тука се вклучува психологот кој како советувач или семеен терапевт применува советодавна работа со детето.

Во процесот на советувањето акцент се става на чувствата кој што се јавуваат кај детето.[39]

# 10. Методолошки пристап

## 10.1. Проблем на истражувањето

Развод, за жал, се случува во нашето време доста често. Според статистичките податоци, секое седмо дете денес е израснато во некомплетно семејство. Во процесот на разделба, партнерите не се секогаш способни да останат кул и смирени. Во времето на стресот, едно лице ја губи способноста да размислува соодветно и да прави верни решенија. Брачните другари преплавени со негативни емоции многу често заборавааат на разводот на третиот партија - нивното дете. Без оглед на детето не е дете, родителскиот развод е речиси секогаш перцепиран.

Разводот за дете не е правен факт на бракот. Разводот започнува со почетокот на родителските расправии и завршува со моментот на разделба.

Пократко ќе биде на овој начин, толку полесно ќе биде да го преживее детето. Со кого, по разводот, детето ќе остане, по правило, родителите сами одлучуваат, без прибегнување кон помошта на судот. Многумина веруваат дека до десет години дете не може да определи од кого живее од неговите родители. Но, поголемиот дел од психолозите веруваат дека детето дури и во помлади ера е во состојба да ја преземе вистинската одлука.

---

[38] Поради ваквата поставеност, може да се забележи дека во одлучувањето за вршењетона родителското право по развод на бракот, центарот за социјална работа има многуширок овластувања, за разлика од судот, а кои се од непосредно значење за развојот надецата.

[39] Проф,Д-р Слаѓана Анкелкоска - Менаџирање на стресот кај децата од разведени родители

Постојат случаи кога психолошката траума примена од детето во процесот на развод, толку тешка што му е потребен специјалист. Но, најчесто трошоците без медицинска интервенција.

Не мислам дека детето е сеуште премногу мало , па затоа не разбира што се случува во семејството.

Ако кавгите и појаснувањето на односите меѓу нивните родители се случија во неговото присуство, тогаш до времето на разводот веќе е свесен за настаните. Ако детето не се разбере целосно, тогаш самите родители мора да го објаснат, а не докторот. Не го измами, даде свесно лажни информации.

Разговарајте со него искрено, објаснете дека од сега мама и тато ќе живеат одделно. Покрај тоа, двајцата родители треба да учествуваат во разговорот. Не земајте ја вината или одговорноста на некој родител. Тоа е лошо за дете кое е загрижено за родителите.

Тој може да има комплекс од неговата вина за она што се случува или ќе почне да обвинува некој од неговите родители.

Да му кажете на детето дека родителите одлучиле да се разведат, на таков начин што самостојно би можел да направи одредени заклучоци за себе. Најважно е што тој се чувствуваше.

Дека разводот нема да влијае на ставот на родителите. Разводот не треба да го скрши животот на детето. И, се разбира, невозможно е да се користи како манипулација едни со други. Во очите на детето, разводот на родителите треба да изгледа како взаемна желба да ги промени своите животи на подобро, како единствена прифатлива за сите опции од критичната ситуација.

Разводот не треба да биде за трагедијата на детето. Тој не треба да ја гледа омразата кон своите родители еден со друг, не им се допаѓа, страдање.

Детето треба да го види по разводот само деловни партнерства насочени кон нивното воспитување.

Конфликти, кавги, постапки, разјаснување на односите, имотот на имотот мора да остане надвор од зоната на видливоста на детето. Разводот за него треба да биде само празнината на љубовни врски помеѓу брачните другари, а не со лишување од неговиот еден од родителите.[40]

[40] Источник: https://nemelianov.ru/mk/pozdravleniya/razvedennye-roditeli/ © nemelianov.ru Видено на 11.03.2022 година во 17:00 часот

## 10.2. Предмет на истражувањето

Предмет на магистерскиот труд е да се истражи преку анкети и безброј истражувања како еден развод може да влијае врз однесувањето на едно дете во едно општество. Како предмет на ова мое истражување ќе бидат факторите кои влијаат за развод на брак и последици од разводот и компаративните показатели во соседството. Разводот на брак е дел од општествените науки како група на академски дисциплини кои ги проучуваат човековите аспекти во светот, кои се базираат на проучување на човековата средина, познати како меки науки. Во нашето право развод на брак е регулирано со Законот за семејството од декември 1992 година кој ја следи состојбата востановена со Законот за бракот од 1973 година, но сепак содржи и некои новини. Бракот претставува доброволна заедница на животот меѓу брачните другари, заснован на начин предвиден со закон, во кој брачните другари се должни еден на друг да бидат верни, заемно да си помагаат и спогодбено, врз основа на заемна рамноправност да ги решаваат сите заеднички права и обврски. Доколку за време на брачната заедница настанат околности кои ги нарушуваат брачните односи, брачната заедница може да престане со развод и тоа врз основа на барање на еден од брачните другари, и на заедничко барање од страна на двата брачни другари, односно постои можност бракот да престане со развод, но под услови предвидени со закон. Разводот на брак претставува правен начин на престанок на брак кој се дефинира како начин на престанок на полноважен брак за време на животот на брачните другари со одлука од надлежен суд.
Вака определена дефиниција на поимот развод брак може да се истакнат
следниве обележја и тоа:

- може да се разведе само полноважен брак,
- може да се бара развод на брак само за време на животот на брачните другари,
- за развод брак одлучува надлежен суд врз основа на закон и
- за да се разведе бракот мора да постојат одредени причини предвидени со закон

За да може еден брак да биде разведен потребно е тој брак да биде полноважен, за полноважен брак се смета оној брак кој е склучен врз услови предвидени со закон. Доколку во постапката за развод се утврди дека бракот не ги исполнува условите за полноважност, односно доколку излезе дека бракот е ништовен, ќе се пристапи кон негово поништување како посилен начин за престанок на бракот.

Развод на брак може да се бара само за време додека и двајцата брачни другари се живи, тоа значи дека оваа претпоставка треба да постои по сила на закон.

Правото на развод на бракоразводната постапка е, во моментот на поднесувањето на тужбата, така и во моментот на правосилноста на одлуката за развод.
Бракот може да се разведе само со одлука на надлежен суд во постапка предвидена со закон. Брачните другари не можат сами без одлука на надлежен суд да одлучат дали ќе живеат во брак или бракот ќе го разведат, тие можат да се договорат дека спогодбено ќе побараат нивната брачна заедница да престане со развод, или само еден од брачните другари може да побара брачната заедница да се разведе, но секогаш за да се изврши развод на брак потребно е да се наведат причините што довеле брачната заедница да престане.

### 10.3. Цел на истражувањето

Целта на моето истражување е да се утврдат факторите кои влијаат за развод на брак и на кој начин влијаат врз брачните другари, и кои се последици настануваат после разводот на брак и како тие влијаат врз семејство. Исто така целта на моето истражување е да се разбуди свеста кај брачните парови, да со цел се намали разводот на брак во кој најмногу се погодени децата.

### 10.4. Очекувани резултати

Од спроведеното истражување и утврдената фактичка состојба очекувам да се поткрене свеста на јавноста преку свои определени мерки и техники да се обиде превентивно да влијае за намалување на оваа појава, односно да се намали бројот на разводи кои негативно влијаат врз општеството, а тоа најмногу се одразува на наталитетот.

### 10.5. Теоретска рамка

Користејќи ги статистичките податоци од Р. Македонија и од соседните земји, како што се статистичките податоци од Р. Бугарија, утврдени се различни причини за развод на брак кои детално ќе ги образложувам во мојот труд.

### 10.6. Хипотетичка рамка

Магистерскиот труд е, главно, насочен кон истражување и анализирање на причините, факторите и последиците од разводот на бракот.

### 10.7. Општа хипотеза

Факторите кои влијаат за развод на брак се, главно семејното насилство, сиромаштијата, неможноста да се има дете, неверството на брачните другари, зависност од алкохол, коцкање, работа и друго, големото влијание на родителите над брачните парови, големото отсуство на еден од партнерите од дома и слично.
Последиците од разводот најчесто се одразуваат на децата, особено ако тие се на возраст од 1 до 15 години.
Психолозите и педагозите тврдат дека разводите, водат и кон ментално растројство врз децата, каде што во многу случаи децата запаѓаат во депресија.

### 10.8. Посебни хипотези

Во овој дел , главно, ги наведувам причините и последиците за бракот и до нивна појава. Според статистичките податоци, горната граница за разводите, главно е семејното насилство кој се појавува како почесто затекнат фактор за развод на брак во нашата држава.

### 10.9. Одделни хипотези

Овој дел, главно се состои од анализа на претходната хипотеза, како на пример зошто доаѓа до таа причина, што укажуваат податоците од анализите и што укажуваат емпириските испитаници. Бројот на разводи во една земја се зголемува правопропорционално со зголемувањето на бројот на случаи на семејно насилство, така што во Република Бугарија стапката на раст на семејно насилство во 2012 - 2013 година, е поголема од во однос на стапката на раст во Република Македонија, секако тоа е така бидејќи Р. Бугарија е територијално и населено поголема од Р. Македонија.

### 10.10. Истражувачки техники

Истражувачки техники кои ги користев во креирањето на овој магистерски труд се рандом анкетирање и статистичка анализа на податоци, воглавно од завод за статистика.

Како зависна варијабла во овој магистерски труд го издвоив брачните другари, бидејќи се почесто се одлучуваат за развод на брак, но со почести советувања и укажување на последиците од разводот, бројката на разводи ќе се намали. А како независна варијабла го издвоив семејното насилство како фактор з развод на брак, бидејќи поголемиот број на разводи во нашата држава се поради семејното насилство.


### 10.11. Методолошки приод

Податоците кои се застапени содржат животен циклус од 2012 до 2013 година.
Како што наведовме во претходната потточка, користени се три техники : анкета и софтверски обработени податоци, како и споредбени статистички податоци од заводот за статистика на Р.Макединија и Р.Бугарија во однос на разводот на брак.

## 11. Статистички податоци за склучување на брак во однос на развод на бракот во Р. Македонија

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на склучените бракови во 2013 година, намален за 0.1% и изнесува 13.982 склучени брака во споредба со претходната година.
Најмногу бракови во државата во текот на цела година се склучени во месец август 11.9%, а најмалку бракови се склучени во месец април 5.0%.
Најчесто стапувањето на граѓаните во прв брак е со учество од 92.0% за жените и 90.2% за мажите, за разлика во втор брак стапуваат 9.1% и во трет брак 0.7%, од граѓаните, во вкупниот број на склучени бракови, почесто стапуваат мажите.
Просечната возраст на склучување на прв брак е 25.8 години за невестата и 28.6 години за младоженецот.
Во спротивно на бројот на склучени бракови, бројот на разводи во 2013 година во однос на 2012 година бележи зголемување од 6.2% и изнесува 2.045 разведени брака.
Најмалку бракови во текот на годината се разведени во месец август 2.4%, спротивно на тоа најмногу бракови се разведени во месец декември 10.0%.[41]

[41] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11 Видено на 10.03.2022 година во 17:00 часот




Според наведените податоци од центарот за статистика на Р. Македонија можеме да забележиме дека е намален бројот на склучени бракови, а зголемен е бројот на разводи.

### 11.1. Компаративните показатели во соседството во однос на Р.Македонија

Во делот на споредбата како се движат бројките на развод на брак во соседните земји во однос на нашата држава, помеѓу Р.Македонија и една земја од соседството, (ја зедов Р.Бугарија бидејќи е источен сосед) менталитетот на граѓаните од двете земји е балкански, но и бугарскиот јазик е доста сличен на нашиот јазик.

Податоците за движењето на разводот на брак во Бугарија, ги зедов од заводот на статистика од Р. Бугарија исто како и податоците за Р. Македонија.

Според податоците на Државниот завод за статистика, на Р. Македонија бројот на склучените бракови во 2013 година, изнесува 13.982 склучени брака, а во Р. Бугарија изнесува 21.943 склучени брака што е дупло повеќе.

Во Р. Македонија стапувањето во прв брак со учество од 92.0% за жените и 90.2% за мажите, а во Р. Бугарија во прв брак стапиле 81,2%.


Во РМ втор брак со учество од 9.1% и трет брак со учество 0.7%, во вкупниот број на склучени бракови, а во Р. Бугарија во втор брак стапиле 94.1% и трет брак стапиле 47.2% брачни парови.


Во Р. Македонија просечната возраст за 2013 година, на склучување на прв брак е 25.8 години за невестата и 28.6 години за младоженецот, за разлика во Р. Бугарија просечна возраст за склучување на брак е од 25 и 29 години за невестата и за младоженецот, што е прилично исто како и во нашата држава.

Бројот на разводи во 2013 година во Р. Македонија изнесува 6.2% односно 2.045 разведени брака, за разлика во Р. Бугарија изнесува 10.908 разведени брака, што е доста голем број за разлика од нашата држава.

Според возраста на сопругата најголем број на разводи, 19.5% се случиле во старосната група од 35-39 години, а за сопругот во старосната група од 30-34 години со учество од 19.1%, во Р. Бугарија според возраста најголем број разводи се случиле во старосна група помеѓу 40 и 49 години и тоа 3.799 односно 34,83%.

Според статистичките податоци во Р. Бугарија се склучени многу повеќе бракови за разлика од бракови склучени во нашата држава, исто така има многу повеќе разводи речиси двојно во Р. Бугарија, споредено со разводите во нашата земја, но тие разлики се појавуваат во зависност од големината на државите и народите, имено нашата држава Р.Македонија се простира на 25.713 квадратни километри, има вкупно 2.114.550 жители, Р.Бугарија се простира на 110.911,5 квадратни километри, и има вкупно 7,364,570 жители, според тоа Р.Бугарија е доста поголема од нашата држава и во пространство но и по жители, тоа се должи и на поголемиот број на разводи за разлика од нашата држава.






### 11.2. Анкети од испитаници (од 3-4 години)

| | | Не е точно | Делумно не е точно | Потполно е точно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Води сметка за чувствата на другите | 83 | 7 | / |
| 2. | Немирно,претерано активно,неможе долго време да остане мирно | 12 | 16 | 72 |
| 3. | Често се жали на главоболка, болки во стомакот или мачнина | 92 | 8 | / |
| 4. | Лесно ги споделува работите со другите деца (колачиња,играчки,боички и сл) | 33 | 62 | 5 |
| 5. | Често има настапи на бес или раздразливост | 83 | 5 | 12 |
| 6. | Претежно е осамено,одбира да игра само | 67 | 20 | 13 |
| 7. | Вообичаено е послушно и го прави тоа што возрасните го бараат од него | / | 7 | 93 |
| 8. | Има многу грижи и често изгледа загрижено | 99 | / | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Сака да помогне ако некој е повреден,вознемирен или болен | 96 | 4 | / |
| 10. | Постојано мрда | / | 2 | 98 |
| 11. | Има најмалку еден добар другар | 99 | 1 | / |
| 12. | Често се тепа со другите деца и ги малтретира | 2 | 10 | 88 |
| 13. | Често е несреќно,потиштено или плачливо | 16 | / | 80 |
| 14. | Претежно другите деца го сакаат | 88 | 12 | / |
| 15. | Лесно се вознемирува,ја губи концетрацијата | / | 7 | 93 |
| 16. | Нервозно е или несамостојно во нови ситуации,лесно ја губи самодовербата | / | 38 | 62 |
| 17. | Внимателно е кон помладите деца | 32 | 56 | 12 |
| 18. | Често е во расправија со повозрасните деца | 12 | 6 | 82 |
| 19. | Другите деца го закачаат или малтретираат | 53 | 7 | 40 |
| 20. | Често доброволно им помага на другите (родителите,наставниците,на др деца.) | 16 | 12 | 72 |
| 21. | Може да застане и да размисли пред нешто да направи | 88 | / | 12 |
| 22. | Знае да биде инаетливо кон другите деца | 78 | 3 | 19 |
| 23. | Подобро се сложува со возрасните отколку со другите деца | 99 | / | 1 |
| 24. | Често се плаши,лесно може да се уплаши | / | 8 | 92 |
| 25. | Ги завршува зададените задачи до крај,има добар опсег на внимание | 65 | 5 | 30 |

### 11.3. Анкети од испитаници (од 4-16 години)

| | | Не е точно | Делумно не е точно | Потполно е точно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Води сметка за чувствата на другите | 90 | 5 | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Немирно,претерано активно,неможе долго време да остане мирно | 72 | 12 | 16 |
| 3. | Често се жали на главоболка,болки во стомакот или мачнина | 13 | 56 | 31 |
| 4. | Лесно ги споделува работите со другите деца (колачиња,играчки,боички и сл) | 3 | 92 | 5 |
| 5. | Често има настапи на бес или раздразливост | 88 | 5 | 7 |
| 6. | Претежно е осамено,одбира да игра само | 67 | 20 | 13 |
| 7. | Вообичаено е послушно и го прави тоа што возрасните го бараат од него | 13 | 66 | 21 |
| 8. | Има многу грижи и често изгледа загрижено | 93 | / | 7 |
| 9. | Сака да помогне ако некој е повреден,вознемирен или болен | 5 | 15 | 80 |
| 10. | Постојано мрда | 3 | 5 | 92 |
| 11. | Има најмалку еден добар другар | 13 | 2 | 85 |
| 12. | Често се тепа со другите деца и ги малтретира | 17 | 20 | 63 |
| 13. | Често е несреќно,потиштено или плачливо | 16 | / | 80 |
| 14. | Претежно другите деца го сакаат | 88 | 12 | / |
| 15. | Лесно се вознемирува,ја губи концетрацијата | / | 7 | 93 |
| 16. | Нервозно е или несамостојно во нови ситуации,лесно ја губи самодовербата | / | 38 | 62 |
| 17. | Внимателно е кон помладите деца | 32 | 56 | 12 |
| 18. | Често е во расправија со повозрасните деца | 12 | 6 | 82 |
| 19. | Другите деца го закачаат или малтретираат | 53 | 7 | 40 |
| 20. | Често доброволно им помага на другите (родителите,наставниците,на др деца.) | 16 | 12 | 72 |
| 21. | Може да застане и да размисли пред нешто да направи | 88 | / | 12 |
| 22. | Знае да биде инаетливо кон другите деца | 78 | 3 | 19 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Подобро се сложува со возрасните отколку со другите деца | 99 | / | 1 |
| 24. | Често се плаши,лесно може да се уплаши | / | 8 | 92 |
| 25. | Ги завршува зададените задачи до крај,има добар опсег на внимание | 65 | 5 | 30 |

### 11.4. Заклучок од спроведеното истражување

Со оглед на тоа дека последиците од разводите на бракови се огромни и тешки за сите, почнувајќи од брачните другари, нивните семејства и родители, очигледно е дека тие последици најмногу се рефлектираат на децата.

Честопати децата на родители кои се развеле воспитно се запуштуваат, го напуштаат училиштето, отпочнуваат да вршат криминални активности како кражби, насилства , тепачки и сл, но често посегнуваат и по дрога од која стануваат и зависници, со што се потврдува предметот на истражување и хипотетичката рамка на мојот магистерски труд, во која се потврдува дека најранлива група во разводот на брак се децата.

Според претходно спроведеното истражување со цел да не дојде до такви состојби на семејствата потребно е родителите меѓусебно на еден смирен и културен начин да ги решаваат секојдневните проблеми кои им доаѓаат во животот, а доколку не можат да ја одржат брачната заедница истите, да извршат развод на брак со спогодба вклучувајќи ги сите спорни прашања.

Истовремено овластени лица од Центарот за социјални работи уште пред склучување на браковите на младите треба да им укажуваат што преставува бракот, со какви проблеми ќе се среќаваат во самиот брак и како тие проблеми да ги решаваат.

Воедно многу е важен односот на судијата кои е надлежен за разводот на бракот на лицата кои се разведуваат при обидот за нивно помирување пред отпочнување на разводната постапка да биде убедителен при објасненијата за последиците кои ќе ги имаат сите, а особено нивните деца по нивниот развод, значи бројни разводи ќе бидат спречени, поради што споменавме за неговата совесност и чесност при донесувањето на одлука за поништување на бракот – институција на која две млади и полнолетни лица кои ја крунисале нивната љубов со брак, на две семејства кои очекувале да пораснат нивните деца и да стапат во брак за да се радуваат со своите внуци, на многубројни роднини и пријатели кои се радувале со нивната среќа.

Тие треба да знаат да почитуваат, да премолчат, да работаат од утро до вечер и задоволно да се среќни што се заедно и што ги дарувал Бог со дечиња.

Кај Македонецот е кај него се најбитни духовни вредности, а тоа се: љубовта кон своите деца и сопругата, слободата што ја сака и што ја дава на своето семејство, достоинството што е голема доблест за него.

Поради тоа во минатото многу малку имало развод на бракови – живееле сложно, се бореле со немаштијата, се радувале со здравјето што си го имале и што си го живееле животот во љубов и меѓусебна почит и разбирање.

Тоа кај македонскиот народ е многу битно во животот.

За сите родители тоа претставува највисока среќа за создавање на нивните деца во брак. Тоа е и кај нас во Р Северна Македонија кај Македонците, тоа е кај Бугарите, кај Србите, па дури и кај племињата кои веќе зачекориле по цивилизацискиот пат, по кој бројни народи со векови и векови го минуваат.

Поради тоа и моите интелектуални способности и скромни познавања на брачната институција ја посветив мојава магистерска тема со желба да има повеќе цврсти бракови отколку разводи. Очигледно колку помалку во една држава има разводи на бракови толку посреќни се граѓаните на таа држава односно семејствата ќе живеат во хармонија и среќа. Најголемата реформа во сферата на граѓанското право од формирањето на Република Македонија во рамките на која се очекуваше дека ќе бидат направени значајни реформи и во семејното право започна во 2010 година .

И покрај тоа што се очекуваше дека целокупната материја од сферата на граѓанското право ќе биде уредена во еден законски текст на еден сеопфатен и систематизиран начин, со што ќе се добие нов квалитет во регулирањето на граѓанското право и ќе се надминат правните празнини, недореченостите и противречностите кои што постојат во законите кои што ја регулираат оваа материја, до денес сеуште нема промени.

Особено, како значајни се очекуваа да бидат реформите во семејното право, а посебно во вршењето на родителската одговорност по разводот на бракот. Вршењето на родителското право по развод на брак се наметна неизбежно како резултат на големиот број на разводи. Моделот на вршењето на родителското право по развод на брак според кој децата по разводот на бракот беа доверени на чување и воспитување на мајката, освен доколку таа не беше способна да го врши родителското право, доминирал во сите земји без оглед дали станува збор за земји на континенталното или англосаксонското право. Овој концепт на развод се темелел на прифаќањето на моделот на развод како правен лек.

Како резултат на тоа во современите законодавства започнаа реформите во семејното право и напуштањето на моделот на вршење на родителското право по развод на брак од страна на еден родител.

Прифаќање на концептот на заедничкото вршење на родителското право од една страна, значи напуштање на моделот според кој детето по развод на брак се доверува кај еден од родителите (најчесто кај мајката), а од друга страна прифаќање на концептот на најдобриот интерес на детето по развод на брак и овозможување на интензивна и постојана комуникација за двајцата родители. Како ќе се врши родителското право по разводот на бракот, на кој од брачните партнери ќе му бидат доверени децата на чување и воспитување, како и од кои критериуми судот ќе се раководи при донесувањето на одлуката, претставуваат многу значајни прашања од кои зависи правилниот психофизички развој на децата.

Во македонското законодавство ова прашање не е детално уредено, Центарот за социјални работи има дискрециono право во поглед на одлучувањето, што често резултира со конфликтни состојби, кои негативно се одразуваат врз децата.

Нашето законодавство сеуште го прокламира застарениот концепт на вршењето на родителското право по развод на брак, доделувајќи ги децата само на едниот родител. Ова законско решение постои и покрај тоа што во законот се предвидува решението на еднаквост и рамноправност на родителите при вршењето на родителското право.

Реформата во граѓанското право и изработката на Граѓанскиот закон е можност да се направат реформи во семејното законодавство, особено оние кои се поврзани со разводот и вршењето на родителското право по разводот на брак. Разводот на бракот треба да се толкува како престанок на брак, а не како престанок на вршење на родителското право.

Освен тоа, сметам дека терминот „родителското право“ треба да се замени со „родителска одговорност“ со што ќе се укаже дека родителите имаат пред се одговорности во однос на децата, а правата им се определени само за да можат да ги извршуваат своите одговорности и обврски кон децата. Исто така, примената на моделот на заедничкото вршење на родителското

право по разводот на бракот одговара на принципот на почитување на најдобриот интерес на детето во многу поголема мера, отколку моделот според кој детето по разводот на брак било доверено на едниот родител (најчесто мајката). Примената на овој модел ќе овозможи намалување на конфликтите во вршењето на родителското право, во насока на зајакнување на свеста на родителите дека конфликтот меѓу нив влијае крајно

негативно врз децата. Родителите мора да продолжат да го вршат родителското право спогодбено, за што во Законот за семејство е потребна експлицитна одредба со која ќе се утврди концептот на заедничко и одговорно родителство и по разводот на бракот. Заедничкото вршење на родителското право и по разводот значи носење на сите клучни одлуки кои се поврзани со правото и со интересите на детето.

# Заклучок

Промените во бракот и во семејството се составен дел од промените во општеството, промените на моралните, религиозните, етничките и правните вредности и норми. Секој човек е слободен и има право да ја бара и да ја остварува својата среќа. Очекувањата од денешниот брак се многу поголеми отколку порано и поради тоа денес е многу потешко да се реализира успешна брачна врска. Денес во бракот треба да се задоволат љубовта, сексуалниот нагон, практичната организација на секојдневниот живот, материјалните потреби на семејството, како и да се обезбеди хармоничен развој на децата. Но, да се почитува и толеранцијата на еден со друг, довербата еден кон друг, емоционалната поврзаност, почит еден кон друг, се меѓу најперијалните вредности и довербата, чесноста и достоинственоста.

Бракот е огледало на карактерите на двајца разнополови граѓани, кои нестрпливо чекаат да се видат, да бидат еден покрај друг, зашто само така тие се поцврсти, посоединети.

Според ова кога се зборува за стабилност во бракот треба да се има предвид дека тоа што претставува успешен брак се менува заедно со промените во општеството.

Денес во современото општество најприродно е да има разводи на брак доколку брачната заедница не е хармонична и брачните другари не се задоволни од самиот брак, за разлика од порано кога се случувало обратно, кога општествените норми вршеле притисок да го одржуваат бракот без разлика на тоа што постоеле и причини за разводи.

Најголем ризик за стабилноста на бракот е постојаната потрага по среќа и доколку тоа не се оствари, се смета дека е погрешено при изборот кога се формирала брачната заедница и тогаш се јавува правото за покренување на постапка за развод на брак пред надлежен суд.

Современото општество, неговите карактеристики и специфики а особено рамноправноста, еднаквоста на правата помеѓу мажите и жените, меѓусебната независност, нетолерантноста, не трпењето на насилства и тортура не придонесуваат за

одржливост на бракот. Во традиционалното општество се барало целиот живот да се помине со една личност во брак иако понекогаш имало цврсти причини за развод на тој брак, тоа и преставувало основен услов за долгото траење на браковите, споредено со современите бракови.

Денес општеството бара да се менуваме и да се адаптираме на нови работи, за да бракот опстане потребно е да има трпеливост, заемно разбирање, меѓусебна согласност, еднаквост и рамноправност во бракот. Тоа е кога едниот или двата брачни другари сметаат дека децата треба да растат со двајцата родители со заедничка родителска љубов, кога родителите стравуваат од воспитна запуштеност на децата при евентуален развод на брак, потоа кога двајцата родители имаат религиозни ставови дека бракот не смее да се разведе, како и ставовите на родителите, роднините и пријателите кои не го одобруваат разводот, долгите правни процедури и економските тешкотии кои што можат да се појават по разводот на брак.

При развод на брак, жените во споредба со мажите помалку го изнесуваат и искажуваат своето незадоволство од бракот во постапката за развод на брак, бидејќи по разводот жените најчесто се грижат за своите деца, нивната економска состојба се влошува и можноста за склучување на брак во повисока возраст кај жените се намалува многу повеќе отколку кај мажите. Во тој поглед жените се многу почувствителни од мажите, разводите ги доживуваат многу потешко, бидејќи економски се и многу по оптоварени, често не се вработени и немаат средства за егзистенција иако најчесто децата тие ги гледаат и чуваат, а издржување како за себе така и за децата барат од мажот од кого се развеле. Во нашата држава многу чести се разводите кои настанале како причина на семејно насилство извршено од едниот брачен другар врз другиот, најчесто од мажот врз жената и децата. Ваквите разводи се и најтешки, особено за жените и децата кои и биле жртви на семејното насилство, а уште повеќе тие разводи се отежнати кога мажот насилник е и алкохоличар. Во таквите случаи последиците за разведените жени и деца се и најтешки. Во ова пригода само ќе го споменам примерот кој неодамна се случи во Кавадарци непосредно по развод на брак мажот насилник – алкохоличар извршил двојно убиство врз неговиот дедо и баба, а истовремено барајќи ја и поранешната сопруга да ја убие. Од тие причини покрај важноста на постапката при разводи на бракови уште поважно е постапувањето на надлежните органи и после завршување на таа постапка во смисол на следење на тоа дали се спроведуваат одлуките на надлежниот суд кој го раскинал бракот (дали издршката за децата благовремено се исплатува, дали му се

дозволува на родителот на кои не му се доделени децата да ги гледа согласно судската одлука, дали се продолжило со семејно насилство и слично.)

## Користена литература


1. Арнаудовски, Љ. (1988) Пенологија, Скопје:Правен факултет.
2. Арнаудовски, Љ. (2008) Законот за малолетничка правда и малолетноста, во Малолетничка правда од идеја до практика, Скопје:Полициска академија.
3. Арнаудовски, Љ. Бужаровска, Г. Нанев, Л. (2004) Стратегија за имплементација на алтернативните санкции.
4. Бужаровска, Г. Кошевалиска, О. Нанев, Л. (2012) Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда – Современи текови во постапувањето, Кавадарци: СППМД.
5. Бужаровска, Г. (2006) Малолетничка правда – од ретрибутивност кон ресторативност, Скопје: МРКПК, бр.3.
6. Bregnat, L.(1968) Psihološki aspekti vaspitne zapuštenosti, Osvrti, Br.1, SDDJ, Beograd.
7. Богоевска, Н. Борнарова, С. (2013) Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје.
8. Бачановиќ, О. (2002) Деца во судир со законот- Правата на детето и малолетничка правда, Здружение за заштита на правата на детето.
9. Brkovic, A.D. (2011) Razvojna psihologija, Regionalni centar za profesionalni razvoj zaposlenih u obrazovanju, Cacak.
10. Велкова, Т. (1999) Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, Штип.)
11. Велкова,Т. (2006) Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981 – 2000 година, Штип.
12. Димитријоска, С. (2012) Социјала заштита, - Институт за Социјлна работа и социјалана политика.
13. Димитријоска, С. (2012) Социјала работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје: Филозофски Факултет.
14. Димитријоска, С. (2012) Прирачник за обука за менторска програма за малолетници во конфликт со законот, Скопје: Филозофски Факултет.

15. Dick, G. (2006) The Birth of Discipline Without Punishment. Douglas A,W. (2011) Discipline Rituals – What We Resist Persists.
16. Žegarac, N. (2015) OD PROBLEMA DO PRILIKA U VOĐENJU SLUČAJA – Priručnik za praktičare, Podgorica:UNDP
17. Žegarac, N. Brkić, M. (2007) Razvoj lokalnih usluga socijalne zaštite – Ka standardima kvaliteta. Beograd: Fond za socijalne inovacije i UNDP.
18. Zvonarević, M. (1981) Socijalna psihologija - Školska knjiga, Zagreb.
19. Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.
20. Јавна Установа Завод за социјални дејности. (2007) Стручно- методолошки упатства и прирачници, Скопје.
21. Јавна Установа, Завод за социјални дејности, (2009) Збирка на стручни документи Скопје.
22. Јавна Установа, Завод за социјални дејности, (2014) Стандарди и процедури за постапување на центрите за социјална работа.
23. Jankovic, J. Basic, J. (2003) Lokalna zaednica- izvoriste nacionalne strategije prevencije poremecaja u ponasanju djece I mladih, Zagreb.
24. Камбовски, В. (1998) Меѓународно казнено право, Скопје: Просветно дело.
25. Камбовски, В. (2003) Казнено право, посебен дел, четврто издание, Скопје Просветно дело.
26. Камбовски, В. (2006) Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје.
27. Киткањ, З. (2013) Престапничко однесување кај малолетните лица, Скопје: Филозофски Факултет.
28. Копровски, Љ. Петровски, Б. ( 1985 ) Педагогија, Скопје: Филозофски Факултет.
29. Конвенција за правата на детето, Генерално собрание на ООН 44/25 од 20.11.1989 година.
30. Kher, N. Lacina-Gifford, L.J.; Yandell, Sonya. (2000) Preservice Teachers' Knowledge of Effective Classroom Management Strategies.
31. Лазаревиќ, Љ. (1963) Положај младих пунолетних лица у кривичном праву, Београд.
32. Милутиновиќ, М. (1978) Малолетничка деликвенција као друштвени проблем, Правни живот, Београд.

33. Мурџева-Шариќ, О. (2011) Психологија на детството и на адолесценцијата, Скопје: Филозофски Факултет.
34. Milosavljevich, M. (2003) Devijacije I drushtvo, Beograd.
35. Нанев, Л. (2003) Положбата на малолетникот во критичната постапка, Кавадарци: СППМД.
36. NASW. (2013) Standards for social work case management.Washington DC: NASW.
37. Перић, О. (2005) Аптернативни мерки и санкции во новата малолетничка кривичното право, Билтен на Окружниот суд Белград.
38. Pfeiffer, C. (1998) Trends in Juvenile Violence in European Countries, National Institute for Justice.
39. Рот, Н. (1963) Психологија на личсноста, Белград.
40. Рот, Н. (1981) Психологија личности, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
41. Стаменкова-Трајкова, В. (1995) Психологија, Скопје.
42. Сулејманов, З. (2007) Криминологија, Графос, Скопје.
43. Sutherland, E. (1995) Principles of Criminology, Chicago-New York.
44. Straus, R. (2006) People Who Changed Childhood.
45. Тупанчески, Н. (2015) Кривичен законик, Скопје: Правен факултет-Јустинијан Први.
46. Trebješanin, Ž. (2001) Rečnik psihologije, Stubovi kulture, Beograd.
47. УНИЦЕ, (2010) Правда за децата- прирачник.
48. УНИЦЕФ, (1999) Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.
49. УНИЦЕФ, (2007) Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето: Трето издание.
50. УНИЦЕФ, (2008) Децата во Република Македонија.
51. УНИЦЕФ, (2010) Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничката правда.
52. Чавдар К., Сиљаноска Костадиновска Ц., Коментар на законот за семејството, Судска практика, предметен регистар, примери за практична примена, придружни прописи и литература, Академик, Скопје 2013;

**Закони:**


1. Закон за правда за децата (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013 година)
2. Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр.79 од 24.06.2009 година, Сл.Весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година)
3. Закон за заштита на децата (Сл. Весник на РМ, бр. 23 од 14.02.2013 година)
4. Кривичен Законик (пречистен текст - Сл. весник на РМ, бр.19/2004 година)
5. Закон за семејство (Прочистен текст, Сл. Весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014 година)


**Интернет страници:**


1. http://msp.mk/wpcontent/uploads/2017/11/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BE-%D0%9A%D0%9F%D0%94%D0%B8%D0%92%D0%9F%D0%94%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf
2. http://msp.mk/wpcontent/uploads/2017/11/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BE%D0%9A%D0%9F%D0%94%D0%B8%D0%92%D0%9F%D0%94%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf
3. https://www.akademik.mk/deca-zhrtvi-na-krivichni-dela-i-deca-vo-sudir-so-zakonot/
4. https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2018/12/izvestaj detskopretstapnistvo.pdf
5. https://resourcecentre.savethechildren.net/sites/default/files/documents/3147.pdf
6. https://www.degruyter.com/downloadpdf/j/mjss.2018.9.issue-1/mjss-2018-0003/mjss-2018-0003.pdf